# ТРЕТ ПРЕОДЕН И ПОСЛЕДЕН ПРОЕКТЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ И ПРЕДМЕТИТЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА

СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО (СЈО)

Набљудување судски процеси:
Анализа на избрани прашања

Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Содржината на овој извештај е изготвена од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Изразените наоди и заклучоци на авторите не ги одразуваат гледиштата на донаторите.

Печатењето на извештајот беше овозможено со средствата доделени од Бирото за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законите на Стејт Департментот на Соединетите Американски Држави (INL) и од Амбасадата на Канада.

Овој проект е финансиран преку дополнителни буџетски придонеси доделени од Бирото за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законите на Стејт Департментот на Соединетите Американски Држави (INL), Владата на Холандија и Амбасадата на Канада.

# СОДРЖИНА


ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ........ 5

ПОГЛАВЈЕ 1 ........ 8

Вовед ........ 8

Опфат ........ 8

Методологија ........ 9

ПОГЛАВЈЕ 2 ........ 11

Предмети иницирани од страна на СЈО ........ 11

Предмети на СЈО преземени од Основното јавно обвинителство ........ 17

ПОГЛАВЈЕ 3 ........ 20

Најнови информации во однос на 18-те нови истраги отворени од СЈО ........ 20

Обвиненија во случајот *Талир* ........ 27

ПОГЛАВЈЕ 4 ........ 29

Сеопфатна анализа на завршените предмети ........ 29

ПОГЛАВЈЕ 5 ........ 40

Анализа на конкретни прашања ........ 40

Транспарентност ........ 40

Споделување и изведување на доказите ........ 41

Одложувања ........ 49

Одложување на судските расправи во периодот од 1 декември 2018 до 15 јануари 2020 година ........ 50

Одложување на расправите – Предмети преземени од ЈО ........ 51

Повторно започнување на судењата ........ 53

Времетраење на судските процеси и извршување на санкциите ........ 54

Одржување расправи затворени за јавноста ........ 57

Други прашања од интерес ........ 59

Завршни зборови ........ 59

Користење вешти лица во својство на сведоци ........ 60

ПРЕПОРАКИ ........ 62

# СПИСОК НА КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АКМИС | Информациски систем за автоматско управување со судски предмети |
| ВМРО-ДПМНЕ | Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЗКП | Закон за кривичната постапка, Службен весник бр.150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018 |
| ЈО | Јавно обвинителство |
| КЗ | Кривичен законик [на Република Северна Македонија] |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| ОКС Скопје | Основен кривичен суд Скопје |
| ПС | Пратеник во Собранието |
| ПСС | Претседател на судечки совет |
| СИС | Судија за извршување на санкциите |
| СЈО | Специјално јавно обвинителство |
| УБК | Управа за безбедност и контраразузнавање |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Конечниот извештај на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во врска со активностите и случаите кои се под надлежност на Специјалното јавно обвинителство (СЈО) следи по издавањето на првиот преоден и вториот преоден извештај кои беа објавени во август 2018 и јуни 2019 година. Овој Извештај го опфаќа периодот од **декември 2018 до јануари 2020 година** и истиот содржи анализа на набљудуваните судски постапки.

По воведниот дел, описот на опфатот и користената методологија за потребите на овој извештај, во истиот понатаму се врши анализа на одреден број селектирани прашања кои произлегуваат од предметите во надлежност на СЈО и тоа како од оние што беа иницирани од ова обвинителство така и од оние што беа дополнително преземени, вклучувајќи и информации за пресудите објавени после јануари 2020 година. Второто поглавје на извештајот содржи фактички опис на сегашната состојба во однос на судските процеси што беа предмет на набљудување.

Третото поглавје од овој извештај содржи општ преглед на истрагите што беа отворени од страна на СЈО после 30 јуни 2017 година, како датум кој нашироко се смета како датум на кој истекува законската можност на СЈО за подигање обвинителни акти. Имајќи предвид дека станува збор за истраги што се сè уште во тек, во поглавјето не се говори за содржината и можниот исход на овие случаи, туку се нуди само еден кус опис на случувањата кои предизвикале подигање на обвиненија од страна на обвинителството.

Четвртото поглавје содржи анализа на досега донесените пресуди. Како што беше објаснето во првото поглавје, досега се завршени само пет предмети, притоа, ниту еден во рамки на временскиот период што е предмет на известување. Во согласност со упатствата на ОБСЕ за набљудување судски процеси, во извештајот не се врши оценка на содржината и исходите на предметите, туку пресудите се разгледуваат од гледна точка на нивната процедурална правичност.

Во петтото поглавје се анализирани повеќе прашања кои најчесто излегуваа на површина во рамки на целокупниот процес на набљудување на овие судења. Главниот проблем идентификуван во рамки на најголемиот дел од овие судски процеси беше прашањето на ефикасноста и брзината на одвивање на кривичните постапки. Се чини дека судењата се одвиваа бавно и долго во основа поради две причини: затоа што начинот на изведување на доказите пред судечкиот совет не е соодветен и поради честите одолговлекувања и одложувања на закажаните расправи.

Во најголемиот број судења, изведувањето на материјалните докази се вршеше пред да биде слушнат исказот на повиканите сведоци. Дополнително, се чини дека обвинителите не ги поседуваат потребните вештини и/или не се спремни да ги изберат и пред судот да ги изведат само релевантните докази со кои се потврдуваат наводите од обвинителниот акт, што пак како резултат води кон одолговлекување на судските расправи во текот на кои се изведуваат материјалните докази, меѓу кои има и докази што не можат секогаш да се сметаат за важни. Освен тоа, набљудувачите забележаа дека Обвинителството има

тенденција пред судот да ги изведува сите докази што биле обезбедени во текот на истрагата, па дури и во оние случаи кога некои од тие докази не го поддржуваат обвинението.

Што се однесува до судиите, се чини дека тие се премногу толерантни и ги прифаќаат различните барања на странките во однос на предлагањето докази. Во текот на судењата, тие не секогаш го користат своето право на вршење контрола над дозволеноста и прифатливоста на доказите, туку дозволуваат изведување на сите докази предложени од странките, без претходно да извршат оценка на релевантноста на истите.

Во текот на временскиот период опфатен со овој извештај, стапката на одложување на судските расправи се задржа на речиси исто ниво како и во претходниот период на анализа, односно 34%. Судовите преземаа значителни напори во обид да ги завршат предметите, закажувајќи почести расправи. Истовремено, одбраната ги користеше сите можности што ги имаат во согласност со законот, во обид да го забави одвивањето на судските процеси. Оваа активност на одбраната имаше последици во однос на должината на судењата, наспроти должноста што ја има судот за обезбедување брзи судски разрешници на кривичните предмети. Главната причина за одложување на рочиштата и натаму останува отсуството на најмалку еден од обвинетите (26%). Во споредба со претходните извештаи, овој процент бележи пораст. Важечката законодавна рамка, на судовите не им нуди ефективни алатки во ситуациите кога обвинетите лица самоволно донеле одлука да не присуствуваат на судењето. Во ситуациите кога еден обвинет, кој добил уредна покана, нема да се појави пред судот, законот дава можност расправите постојано да се одлагаат, под услов обвинетиот да достави соодветно оправдување за своето отсуство преку својот адвокат. Сепак, како што е посочено и во петтото поглавје, судот има можност на обвинетиот да му изрече парична казна доколку смета дека ваквото право се злоупотребува.

Поглавјето 5 од овој извештај врши анализа на прашањата кои се јавија во текот на судењата во врска со споделувањето на доказите. Поконкретно, без разлика на фактот што важечката правна рамка предвидува обврска за обвинителството да го запознае обвинетиот со доказите што ги поседува против него и да го извести за евентуалните докази што одат во негова полза, овие законски одредби не секогаш се почитуваат во пракса. Клучниот момент во однос на ова прашање е оној кога обвинителството ја информира одбраната дека истрагата е завршена и дека одбраната има право да изврши увид во предметните списи, како и да ги разгледа поднесоците на обвинителството и собраните докази и да направи „препис“ на доказите. Ова е крајниот рок во кој обвинителството е должно да ги сподели доказите што биле собрани во текот на истражната постапка во конкретниот случај. Во секој случај, во пракса, одбраната ќе добие копии од доказите во предметот само доколку обвинителството има добра волја и е подготвено да го стори истото.

СЈО не само што ја исполнуваше својата законска обврска за споделување на предметните списи со одбраната по завршувањето на истражните постапки, туку дури и го надмина она што е предвидено со законот, доставувајќи им на адвокатите на одбраната компјутерски дискови кои ги содржат сите собрани докази во полза на обвинението. Ваквото постапување е за пофалба и во согласност со највисоките стандарди за фер и правично судење. Сепак, одбраната не доби од СЈО и копии од снимките на прислушкуваните разговори, а причините за тоа остануваат и понатаму нејасни. И покрај тоа што одбраната имаше можност да побара разгледување на ова

прашање од страна на судот и во текот на самите судења, а подоцна, одлуката на СЈО да не ги сподели овие докази беше предмет на дополнително судско разгледување и анализа, во суштина, судот не понуди соодветно образложение за својата одлука со која ги одби ваквите барања на одбраната.

Извештајот завршува со одреден број препораки упатени до сите чинители во правосудниот систем, како и до законодавната и извршната власт, насочени кон изнаоѓање соодветни решенија за прашањата што беа идентификувани во самиот извештај, со цел, да се подобрат ефикасноста и правичноста на судските предмети во надлежност на СЈО, како и на сите останати судски постапки. Клучните препораки упатени кон различните чинители ја вклучуваат и препораката за навремено и целосно споделување на сите докази со одбраната, односно, оние што одат во полза на обвинението, меѓутоа и оние во полза на обвинетиот, без разлика на форматот во кој се наоѓаат, како и препораката за прецизен избор на доказите што ќе се изведуваат во текот на судењето, доставувајќи ги до судот само оние материјали кои се неопходни како поддршка и доказ за теоријата на случајот која се застапува. Освен тоа, една од препораките е и да се подобрат вештините за презентација на обвинителите во судница, така да бидат во состојба јасно да го објаснат значењето на доказите што бараат да бидат изведени (односно, нивната поврзаност со наводите во обвинителниот акт), како и меѓусебната поврзаност помеѓу различните видови докази што се предлагаат за изведување (односно, пресретнатите комуникации, документи, сведоци).

Другите препораки се упатени до адвокатите на одбраната, кои треба да ги прифаќаат само оние предмети за кои се сигурни дека можат да понудат ефикасно и квалитетно правно застапување, со целосно почитување на европските најдобри практики во сферата на професионалната етика. Адвокатската комора може да даде свој придонес кон оваа цел, организирајќи обуки на тема професионална етика во согласност со највисоките европски стандарди.

На судовите воглавно им се сугерира да ги одложуваат расправите само кога тоа го бараат и им оди во полза на обвинетите кои навистина не се во состојба да присуствуваат. Исто така, од судиите се бара да ги користат алатките за управување со судската постапка кои се предвидени во ЗКП и да се уверат дека во текот на судењето ќе бидат изведувани само релевантни и важни докази.

Тематскиот акцент во извештајот е ставен врз наодите и заклучоците од набљудувањето на судските постапки, од гледна точка на меѓународните стандарди за фер и правично судење. Од таа причина, во извештајот се говори за случувањата во и околу СЈО како институција во текот на временскиот период што е опфатен со извештајот, меѓутоа, истиот не содржи конкретна разработка или коментари во однос на истите.

# ПОГЛАВЈЕ 1

## Вовед

## Опфат

Конечниот извештај на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во врска со активностите и случаите кои се под надлежност на Специјалното јавно обвинителство (СЈО) следи по издавањето на претходните два преодни извештаи, кои беа објавени во август 2018 и јуни 2019 година, а се однесуваа на првичната фаза од активностите во рамки на СЈО и отпочнувањето на главните судски процеси во предметите.[1] Овој нов Извештај продолжува со анализата на набљудуваните судски постапки. Набљудувањето судски процеси нашироко се смета за моќна алатка за подобрување на правичноста, ефективноста и транспарентноста на правосудните системи, затоа што на тој начин се врши оценка на нивната усогласеност со начелото на владеење на правото и со меѓународните стандарди за фер и правично судење, без притоа да се даваат коментари во однос на содржината и можниот исход на поединечните предмети.[2]

Во текот на изработката на овој извештај, повеќето судски процеси на СЈО беа сè уште во тек.[3] Овој извештај го опфаќа временскиот период од **1 декември 2018 до 15 јануари 2020 година**. Извештајот содржи анализа на степенот до кој судските постапки обезбедуваат заштита на одреден број права на фер и правично судење, на начинот на кој истите се толкуваат од страна на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), адресирајќи само некои прашања за кои се смета дека заслужуваат најитно внимание. Овој извештај се фокусира на 20-те предмети во кои обвинителниот акт бил подигнат од СЈО и кои се поврзани со аферата со прислушувањето (односно, предметите иницирани од СЈО). Во извештајот се анализираат и четирите предмети што СЈО ги презема од Јавното Обвинителство (ЈО).[4] Постапките во овие предмети беа започнати долго пред да се формира СЈО. Сите тие се одвиваат според стариот Закон за кривичната постапка, кој се заснова на континенталниот/инквизиторски правен модел и беше на сила сè до 2013 година. Во овој извештај се нуди и краток опис на

---

1 Мисија на ОБСЕ во Скопје, Прв преоден извештај за активностите и предметите во надлежност на Специјалното јавно обвинителство (понатаму во текстот именуван како „Мисија на ОБСЕ во Скопје, *Прв преоден извештај за работата на СЈО*“), 28 август 2018 година, достапен на следнава интернет адреса: https://www.osce.org/mission-to-skopje/391745.

2 ОБСЕ-ОДИХР, *Набљудување судски процеси: Референтен прирачник за практичари*, 2012 година, стр. 16. Погледнете го и текстот на Марија Алсиди (Maria Alcidi) насловен како *Набљудување судски процеси: Методологии на ОБСЕ*, Европски годишник за човекови права, 2014 година, страна 406.

3 *Трезор, Тврдина 2, Титаник 1, Титаник 2, Титаник 3, Насилство во Центар (понатаму во текстот именуван како ,,Центар"), Тортура, ТНТ, Топлик, Тендери, Траекторија, Транспортер,Тотал*. До јануари 2020 година, првостепени пресуди беа донесени во седум од вкупно 20 предмети *(Тврдина 2, Тифани, Триста, Тенк, Труст, Тревник, Тарифа)*.

4 *Сопот, Шпион, Монструм, Маќар Телеком.*

истрагите на СЈО што беа отворени по истекот на рокот што е предвиден за таа цел со Законот за СЈО (јуни 2017 година).[5]

Како што беше случајот и со претходните извештаи, така и овој извештај е изготвен во контекст на проектот за „Набљудување на активностите и судските предмети под надлежност на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите“ (понатаму во текстот именуван како „Проектот за СЈО“). Проектот за СЈО беше финансиран преку дополнителни средства обезбедени во рамки на буџетот на Мисијата, донирани за таа намена од Холандската Влада, Бирото за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законите на Стејт Департментот на Соединетите Американски Држави (INL) и Амбасадата на Канада.

И покрај фактот што СЈО, во својата оригинална форма, престана да функционира во септември 2019 година, поради полесно следење на текстот, насекаде низ овој извештај, обвинителството го именуваме како СЈО, а предметите што беа предмет на наше набљудување во рамки на овој проект ги именуваме како предмети на СЈО.

Во врска со завршувањето на мандатот на обвинителите на СЈО во септември 2019 година, треба да се посочи дека крајот на нивните мандати следеше по лишувањето од слобода на Специјалната обвинителка на СЈО и нејзиното следствено задржување во притвор. Најпрво, таа престојуваше во притворското одделение, а подоцна беше префрлена во домашен притвор. Нејзиното судење е во тек, а таа е обвинета за „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353 од КЗ.

Пред завршувањето на нејзиниот мандат, Специјалната обвинителка на СЈО го одобри префрлањето на надлежноста за постапување по сите предмети на СЈО на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија. Поранешните обвинители од СЈО се вратија на своите претходни работни места во рамки на обвинителството и беа повторно распоредени да постапуваат по предметите на СЈО на кои и претходно работеа, со што се обезбеди континуитет во судските постапки.

# Методологија

Набљудувањето на судењата во судниците од страна на набљудувачите на ОБСЕ е основниот извор на информациите користени во овој извештај. Во периодот помеѓу декември 2018 и јануари 2020 година, претставниците на ОБСЕ беа присутни на 439 судски расправи за сите предмети на СЈО, кои се одржуваа во Основниот кривичен суд Скопје.[6] По завршетокот на секоја расправа, набљудувачите изработуваа стандардизирани извештаи со нивните забелешки и коментари, а потоа истите беа искористени за утврдување на наодите содржани во овој извештај. Освен врз набљудуваните судења, овој извештај се повикува и на јавно достапните информации кои потекнуваат од медиумите и разните написи од стручната јавност. Освен доколку не е така посочено, овој извештај не содржи анализа на судските списи и документација (односно на судските одлуки и писмените поднесоци од странките).

---

5 Погледнете Мисија на ОБСЕ во Скопје, *Прв преоден извештај за работата на СЈО* од 2018 година, страна 49.

6 Во текот на временскиот период за кој известуваме беа набљудувани само две расправи одржани пред Апелациониот суд.

За време на периодот што е предмет на известување, Основниот суд изрече само пет првостепени пресуди. Во четири од овие случаи, жалбената постапка е во тек.

Проектот за СЈО стриктно се придржува кон начелата за неинтервенирање, објективност и согласност, на начинот на кој истите се дефинирани во публикацијата на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОБСЕ-ОДИХР) под наслов *Набљудување судски процеси: Референтен прирачник за практичари*.[7] Начелото за немешање или неинтервенирање произлегува директно од начелото за независност на судството.[8] Како такво, тоа предвидува забрана за било какви „контакти или интеракција со судот во врска со суштинското постапување по поединечни предмети“, како и било какви „обиди, на индиректен начин да се изврши влијание врз исходот на предметите преку неформални канали“.[9] Начелото на објективност „произлегува од можноста за набљудување судски процеси како дијагностичка алатка и потребата за обезбедување прецизни и веродостојни информации во однос на функционирањето на правосудниот систем“.[10] Како такво, истото бара програми за набљудување судски процеси согласно јасно дефинирани и прифатени стандарди.[11] Конечно, начелото на согласност значи дека националните органи се согласиле да го дозволат набљудувањето на судските процеси како дел од нивната заложба за прифаќање и почитување на правилата и начелата што ОБСЕ ги има утврдено во сферата на правосудните системи.[12]

Во моментот на изработка на овој извештај, во тек беа вкупно 22 предмети во првостепена постапка или во жалбена постапка пред апелационите судови (како предмети иницирани од страна на СЈО, така и преземени).[13] Со цел да се испочитува горепоменатото начело на неинтервенирање, наодите и забелешките содржани во овој извештај се однесуваат само на процедуралната правичност и ефикасноста на судските процеси (оценувани наспроти меѓународните и националните стандарди за фер и правично судење), а не на самата содржина и исходите од истите. Преку вклучувањето на судската ефикасност во рамки на опфатот на оваа анализа, извештајот го надминува вообичаениот традиционален пристап на програмите за набљудување судски процеси, насочени кон почитувањето на правата на обвинетите. Судската ефикасност не секогаш коинцидира со правата и интересите на обвинетите лица. Токму поради тоа, судовите мораат да ја пронајдат соодветната рамнотежа помеѓу двете. Изборот ефикасноста на постапките да биде вклучена како еден од параметрите во текот на набљудувањето, е направен поради големиот јавен интерес за предметите поради наводните сериозни престапи и кршењето на владеењето на правото од страна на високи државни функционери и големите очекувања на јавноста за брза правда и одредување одговорност, со целосно почитување на правата на обвинетите лица.

---

7 ОБСЕ-ОДИХР, *Набљудување судски процеси: Референтен прирачник за практичари*, 2012 година, стр. 18-20.

8 М. Алчиди (M. Alcidi) (види фуснота 2) стр. 415

9 ОБСЕ-ОДИХР, *Набљудување судски процеси: Референтен прирачник за практичар*, 2012 година, стр. 18.

10 Истиот извор, стр. 19.

11 Истиот извор.

12 Истиот извор, стр. 20.

13 Вклучувајќи ги и предметите *Талир 1* и *2*, за кои обвинителството поднесе обвиненија во ноември 2018 година.

# ПОГЛАВЈЕ 2

Ова поглавје содржи најнови информации за предметите иницирани од страна на СЈО и преземените предмети, за временскиот период од 1 декември 2018 до 15 јануари 2020 година.[14] Во претходните извештаи веќе дадовме детален опис на наводните фактички состојби во овие предмети, па затоа, ова поглавје нуди само информации за понатамошниот развој на предметите и случувањата во текот на судските процеси.

Мисијата на ОБСЕ во Скопје врши набљудување на судските процеси само од аспект на нивното придржување кон меѓународните и националните стандарди за фер и правично судење. Овие стандарди го вклучуваат правото на јавно судење, правото на судење во разумен рок и правото на одбрана. Последното подразбира право да се добие правна помош од адвокат по сопствен избор, меѓутоа и право да се изложи соодветна одбрана пред судот, да се предлагаат сведоци и/или други докази, со цел, да се зајакне пресумпцијата на невиност.

## Предмети иницирани од страна на СЈО

**„Центар“** – судската постапка и понатаму се одвива против 10 обвинети лица (меѓу нив е и поранешниот премиер Груевски) за сторено кривично дело „Насилство“ според Членот 386, став 2 и став 1 и за кривично дело „Насилство“ според Членот 386, став 2 и став 1 во врска со Член 23 од Кривичниот законик (КЗ). Судската постапка започна на 16 декември 2016 година.

Во текот на временскиот период што е предмет на известување, Судот закажа 20 рочишта, а од нив седум беа одложени. Токму поради овие одложувања, на 16 октомври 2019 година, судската постапка започна од почеток, имајќи предвид дека веќе беа изминати 90 дена од одржувањето на последната расправа по предметот.[15] Откако судењето започна по вторпат, Претседателот на судечкиот совет наведе на записник дека сведочењата на сведоците кои веќе се појавиле пред судот ќе бидат ставени во записникот од новото судење, а истиот третман беше применет и во однос на материјалните докази што дотогаш беа изведени пред судечкиот совет. Одбраната се спротивстави на ваквата одлука на судот. По повторното започнување на судењето, пред судот сведочеа и двајца нови сведоци во полза на одбраната, а Претседателот на судечкиот совет на одбраната ѝ дозволи да изведе и некои нови материјални докази, меѓу нив и извештај од извршено вештачење од вешто лице ангажирано од страна на одбраната, во однос на автентичноста на видео снимките што претходно беа изведувани како докази од страна на обвинителството.

---

14 Од четирите предмети што беа преземени од СЈО, еден *(Сопот)* ја доби својата судска разрешница пред почетокот на временскиот период што е опфатен со овој извештај.

15 Согласно Членот 371, став 3 од ЗКП, главната расправа мора да почне одново доколку одлагањето на расправата траело подолго од 90 дена.

**„Транспортер“** – судењето продолжува против 21 обвинето лице, кои се гонат за сторено дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353, став 5 и став 1 од КЗ.

Судската постапка започна на 13 декември 2017 година. Во текот на временскиот период што е предмет на известување, Судот закажа 21 рочишта, а од нив четири беа одложени. На 27 март 2019 година, судењето започна од почеток поради замената на еден од судиите поротници (член на судечкиот совет). Претходно сослушаните сведоци не беа повторно повикувани да сведочат, а преку читањето на нивните искази на записник, истите станаа дел од изведените докази во предметот. Материјалните докази предложени од СЈО беа внесени на записник во текот на петте одржани судски расправи кои завршија на 7 ноември 2019 година. Овие докази се состоеја од еден аудио фајл со снимки на прислушкувани телефонски разговори и 1.244 документи, во најголем дел фактури за услуги на транспорт. Пред судот сведочеа и две вешти лица повикани од СЈО, по што одбраната доби шанса да ја изложи својата верзија на настаните. Претседателот на судечкиот совет побара од одбраната да повика најмногу по десет сведоци за секој од обвинетите (во предметот има 21 обвинети).[16] Сведочењето на сведоците на одбраната е сè уште во тек. Според Претседателот на судечкиот совет, во конкретниот предмет, носењето на пресудата може да се очекува наскоро.

**„Траекторија“** – предметот во кој се обвинети четири лица (меѓу нив и поранешниот Премиер Груевски) продолжува. Лицата се обвинети за сторено дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353, став 5 и став 1 од КЗ, во врска со Членот 22 од КЗ и за „Примање награда за противзаконито влијание“ според Членот 359, став 2 од КЗ (во случајот на поранешниот Премиер).

На поранешниот Премиер Груевски му се суди во отсуство. На 13 ноември 2019 година, судот потврди дека понатамошното кривично гонење во конкретниот предмет не е можно поради апсолутна застареност на делото и го отфрли обвинението против Груевски. Судската постапка продолжи против другите тројца обвинети. Сепак, Обвинителството ја обжали одлуката за отфрлање на обвинението против Груевски,

а Апелациониот суд ја прифати жалбата на Обвинителството и од првостепениот суд побара да ја продолжи постапката против него и да ги отфрли обвиненијата по завршувањето на судската постапка.

Во текот на периодот на известување, Судот закажа 25 судски рочишта, од кои осум беа одложени. СЈО изведуваше материјални докази во текот на осум расправи, а потоа следеше рочиште на кое сведочеа две вешти лица повикани како сведоци на СЈО, при што двајцата беа предмет на вкрстено испитување од страна на одбраната.

**„Тотал“**[17] - судската постапка против едно обвинето физичко и три правни лица продолжува понатаму. Обвинетите лица се гонат за сторено дело „Даночно затајување“ според Членот 279, став 2 и став 1 од КЗ, во врска со Членот 45 од КЗ. Во текот на периодот на известување, Судот закажа 15 судски рочишта, од кои осум беа одложени. Судењето на два пати мораше да почнува од почеток. Еднаш на 30 мај 2019 година,

---

16 Претседателот на судечкиот совет изјави дека доколку има потреба, на одбраната ќе ѝ дозволи да повика и дополнителни сведоци.

17 Во февруари 2020 година, Претседателот на судечкиот совет беше назначен за судија во Апелациониот суд. Поради тоа може да се очекува судењето да започне од почеток, откако ќе биде назначен нов Претседател на судечкиот совет.

поради промени во составот на судечкиот совет, а вториот пат тоа се случи на 17 октомври 2019 година, поради изминати 90 дена од последното одржано рочиште, како што тоа е предвидено во Членот 371 од ЗКП. Од тие причини, би можело да се каже дека ова судење всушност започна на 17 октомври 2019 година.

Во периодот од октомври па се до моментот на изработка на овој извештај, странките ги дадоа своите воведни излагања, а СЈО ги изведе материјалните докази со кои располага и побара од судот да ги покани сведоците на обвинителството. Во текот на изведувањето на материјалните докази, за време на само една расправа, како материјални докази во предметот СЈО изведе околу 300 документи.

**„Таргет – Тврдина“** – и овој предмет против 11 обвинети лица е сè уште во тек. Тие се обвинети за сторени кривични дела на „Злосторничко здружување“ според Членот 394, став 2 и став 1 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353, став 2 и 1 од КЗ, во врска со Членот 45 од КЗ.

Првично, со обвинителниот акт беа опфатени 12 обвинети лица, меѓутоа, едно од нив одлучи да ја признае вината пред започнувањето на судската постапка, па така постапката против неа беше прекината и веднаш ѝ беше изречена казна. Таа беше осудена условно на шест месечна затворска казна, под услов да не стори било какво ново кривично дело во текот на пробацискиот период во времетраење од две години. Судската постапка против останатите 11 обвинети и понатаму е во тек.

Во текот на периодот на известување, Судот закажа 20 судски рочишта, од кои пет беа одложени. Пред судечкиот совет се појавија шест сведоци на СЈО и го дадоа својот исказ. Одбраната изврши детално вкрстено испитување на овие сведоци. Еден од нив беше и поранешниот Премиер Зоран Заев, кој долго сведочеше во врска со материјалите од прислушкуваните разговори, постапувањето со нив пред истите да бидат предадени во СЈО, нивниот обем и количество, лицата кои биле најчеста цел на прислушување, состаноците кои ги имал со поранешниот премиер Груевски пред таканаречените „бомби“ да бидат пуштени во јавноста и така натаму.

Претседателот на судечкиот совет објави дека преостануваат уште 60 сведоци повикани од страна на обвинителството, кои треба да дадат исказ пред судот, како
и околу 960 поединечни документи што треба да бидат изведени како материјални докази. Откако Обвинителството ќе заврши со изведувањето на своите докази, со изведување на докази треба да започне и одбраната.

**„Тарифа“** – овој случај со тројца обвинети продолжи. Обвинетите се гонат за „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353, став 5, став 4 и став 1 од КЗ.

Судската постапка започна на 19 декември 2017 година и продолжи во текот на периодот на известување, при што Судот закажа вкупно 34 рочишта. СЈО заврши со изведувањето докази. Пред судот сведочеа 11 сведоци на одбраната. Обвинетите одлучија и самите да сведочат и беа директно и вкрстено испитани. Откако заврши и сведочењето на обвинетите, обете страни, од судот побараа дозвола за изведување дополнителни докази, како резултат на дадените искази од обвинетите.

Судот ги уважи двете барања, па така, сослуша дополнителни 12 сведоци на одбраната, која, исто така, во текот на четири расправи, изведуваше и дополнителни материјални докази. СЈО, исто така, изведуваше дополнителни материјални докази,

а повика и уште четири сведоци и две вешти лица да сведочат во негова полза. Во декември 2019 година, странките ги дадоа своите завршни зборови и следеше изрека на пресудата. Првостепениот суд донесе осудителна пресуда против сите обвинети и на сите им изрече три годишна затворска казна. Одбраната најави жалба, која мора да биде поднесена во рок од петнаесет дена од датумот на прием на писмената пресуда од странките.

**„Топлик“** – судската постапка против шест обвинети лица и понатаму е во тек. Обвинетите во овој случај се гонат за „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353, став 5 и став 1 од КЗ и во врска со Членот 22 од КЗ.

Судската постапка започна на 30 јануари 2018 година и се одвиваше во текот на периодот на известување со вкупно 14 закажани судски расправи, од кои седум беа одложени. Пред судот сведочеше еден сведок на СЈО, а обвинителството изведуваше и материјални докази. СЈО заврши со изведувањето на своите докази и потоа одбраната започна со изведување на своите докази. Во текот на доказната постапка, пред судечкиот совет се појавија и дадоа свој исказ 10 сведоци предложени од страна на одбраната.

**„ТНТ“** – судењето на седумммината обвинети во овој случај се одвива понатаму. Во обвинителниот акт, тие се обвинети за „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353, став 3 и став 1 од КЗ, во врска со Членот 23 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од Член 353, став 5 и став 1 во врска со Членот 22 од КЗ.

Судската постапка започна на 24 јануари 2018 година, а во текот на периодот на известување Судот закажа 41 судско рочиште. Сепак, во текот на постапката, шестнаесет судски расправи мораа да бидат одложени. Сведочеа девет сведоци на СЈО, кое изведуваше и материјални докази. Дополнително, претходно дадениот исказ на еден сведок на СЈО, кој во меѓувреме стана недостапен, со читање беше внесен во записникот.

Во рамки на доказната постапка, одбраната изведуваше материјални докази (вкупно 107 документи), а да сведочат повика и 25 сведоци и две вешти лица. Имајќи предвид дека доказната постапка доаѓа при крај, Претседателот на судечкиот совет ги информираше странките дека треба да започнат да ги подготвуваат своите завршни зборови. По ваквото соопштение, еден од обвинетите одлучи да го промени својот правен застапник, по што таа ангажираше адвокат од албанска етничка припадност и државјанин на Република Северна Македонија.

Судот веднаш објави дека ќе се обезбеди превод од и на албански јазик во судницата и дека адвокатот на одбраната ќе може своите поднесоци до Судот да ги доставува на албански јазик. Судот посочи и дека сите судски списи и докази, добиени или изведувани од моментот кога тој адвокат се вклучил во постапката ќе бидат преведени на албански јазик. И покрај тоа, адвокатот на одбраната побара од Судот да му се обезбеди превод на албански јазик од целокупните списи во предметот.[18]

Според Судот, ваквото барање беше оценето како обид за непотребно одолговлекување на постапката и од Адвокатската комора побара да биде поведена дисциплинска

---

18 Погледнете го членот 2 од Законот за употреба на јазиците, Службен весник бр.7/2019..

постапка против адвокатот на одбраната. Своето барање, Судот го заснова врз фактот што, како член на Адвокатската комора во земјата, адвокатот е должен да го познава и зборува македонскиот јазик до степен, кој ќе му овозможи да го положи правосудниот испит и затоа, неговото барање не може да биде оправдано врз основа на неговите објективни потреби.

Во декември 2019 година, еден од судиите поротници, кој беше член на судечкиот совет во овој предмет, поднесе оставка. Нејзината оставка беше одбиена. Сепак, таа упорно настојуваше и даде оставка по втор пат, тврдејќи дека барањето е поради лични причини. Овој пат, нејзината оставка беше прифатена. Сега, со новиот член на судечкиот совет, судењето ќе мора да започне повторно од почеток.

Во меѓувреме, еден од обвинетите тврдеше дека има здравствени проблеми[19] и некои од расправите беа одложени. Судењето повторно започна од почеток на 6 февруари 2020 година и одбраната побара да бидат повикани сите сведоци да сведочат повторно. Тоа дополнително ќе ја одолговлечи постапката.

Во овој предмет се чини дека одбраната ги користи сите законски средства што ѝ стојат на располагање за да го одложи завршетокот на овој судски процес.

**„Трезор‘‘** – судењето против четворицата обвинети во овој случај продолжува понатаму. Обвиненијата против нив се за „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353, став 5, став 3 и став 1 од КЗ во врска со Членот 22 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353, став 5, став 3 и став 1 од КЗ во врска со Членот 24 од КЗ

Судската постапка започна на 17 мај 2018 година, меѓутоа, мораше повторно да започне од почеток на 30 септември 2019 година, поради истекување на законскиот рок од 90 дена помеѓу расправите, пропишан во Членот 371 од ЗКП. Иако одбраната бараше сведоците повторно да бидат повикани, судот одлучи претходно дадените искази од 14 сведоци кои сведочеа во текот на првичната постапка, да бидат вметнати во записникот од новото судење. Исто така, Судот одлучи да се погледнат видео снимките од претходните расправи во кои претставниците на СЈО ја читаат содржината на материјалните докази. Така, наместо повторно да се читаат овие докази, или пак да се преземат записниците од претходните расправи, судот започна со репродуцирање на снимките од претходните расправи. Сè уште не се познати причините поради кои судот одлучи да постапи на овој начин.

Во текот на периодот на известување, Судот закажа 17 судски рочишта, од кои само едно беше одложено.

**„Тендери“** - судењето против тројцата обвинети во овој случај е во тек. Обвиненијата против нив се за „Злоупотреба на службената положба и овластување“, според Членот 353, став 5 и став 1 од КЗ во врска со Членот 22 од КЗ.

Судската постапка започна на 21 февруари 2018 година и во текот на периодот на известување Судот закажа 15 судски рочишта, од кои пет беа одложени. На 16 октомври 2019 година, судењето повторно започна од почеток, затоа што истече законски предвидениот рок од 90 дена помеѓу расправите. Во текот на преостанатите закажани расправи сведочеа 12 сведоци на СЈО, а одбраната изведе пет материјални докази.

19 Тој беше жртва на физички напад, поради причини кои не се поврзани со судењето што е во тек.

Во меѓувреме,[20] дојде до измени во составот на судечкиот совет и како резултат на тоа во февруари 2020 судењето повторно започна од почеток.

**„Тортура“** – судската постапка против седуммина обвинети е сè уште во тек. Тие се обвинети за „Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување“ според Членот 142, став 1 од КЗ, а во врска со Членот 22 и Членот 23 од КЗ.

Судската постапка започна на 9 јули 2018 година и во текот на периодот на известување Судот закажа 18 судски рочишта, од кои четири беа одложени. На 22 октомври 2019 година, судењето повторно започна од почеток, поради измени во составот на судечкиот совет,[21] како и поради истекување на законски предвидениот рок од 90 дена помеѓу расправите. Странките повторно даваа воведни излагања. СЈО ги презентираше материјалните докази. Потоа, оштетениот доби шанса да настапи пред судот и да ги образложи своите аргументи. Оштетениот изведе неколку видео снимки како докази, тврдејќи дека истите се доказ за мотивот на обвинетите.

**„Тревник“** – судењето против тројцата обвинети во овој предмет е сè уште во тек. Тие се обвинети за „Бесправно градење“ според Членот 244-а, став 1 од КЗ.

Судската постапка продолжи во текот на периодот на известување и беа закажани вкупно осум рочишта. На 4 јули 2019 година, Судот ја изрече својата пресуда, ослободувајќи ги сите тројца обвинети од сите обвиненија. СЈО најави дека ќе ја обжали пресудата. Во следното поглавје можете да ја погледнете анализата на оваа пресуда.

**„Титаник 3“** - судењето против двајца обвинети во овој предмет продолжува. Тие се обвинети за „Уништување на изборен материјал“ според Членот 164 став 3, став 2 и став 1 од КЗ.

Во текот на периодот на известување се одржаа единаесет судски расправи, а пет беа одложени. Некои од нив беа одложени за да му се овозможи на надлежниот обвинител да лоцира еден од клучите сведоци. На 4 февруари 2019 година, Претседателот на судечкиот совет се повлече, откако Специјалната јавна обвинителка Катица Јанева упати остри критики до неа, тврдејќи дека таа не е способна да го одржи јавниот ред и мир во судницата. Ваквиот директен напад врз способноста на Претседателот на судечкиот совет за одржување на јавниот ред и мир во судницата, извршен во текот на самото судење, беше непотребен и прекумерен. И покрај тоа што се знае дека Претседателот на судечкиот совет мора да ја задржи контролата над судницата и она што се случува во неа во текот на судските расправи, како што тоа е предвидено во Членот 360 од ЗКП, Специјалната јавна обвинителка беше странка во постапката, па така нејзините коментари можеа да бидат оценети како вршење одреден притисок врз Претседателот на судечкиот совет.

Поради ваквото повлекување, главниот судски процес мораше повторно да започне од почеток со новоназначен Претседател на судечкиот совет и тоа се случи на 22 февруари 2019 година. Новиот Претседател на судечкиот совет го прифати барањето на одбраната, сите судски списи во предметот (околу 100 страни) да бидат преведени на албански јазик, повикувајќи се на одредбите од „Законот за употреба на јазиците“.[22]

---

20 Во јануари 2020 дојде до промена на судиите поротници поради нивното пензионирање.

21 Беше заменет еден од судиите поротници.

22 Истиот извор, види фуснота 18.

Во периодот од 22 февруари 2019 до 15 јануари 2020 година, Судот закажа 12 судски расправи, а три од нив беа одложени. Во текот на доказната постапка беа повикани 34 сведоци и тие дадоа свои искази, при што, осуммина од нив беа повикани како сведоци на двете страни во постапката. Обвинителството ги изведе своите материјални докази. Сведочеше и еден од обвинетите. Обвинителството побара еден важен сведок да биде лоциран во Германија, каде што живее сега, со цел и нејзиниот исказ да биде изведен како доказ пред судот. Откако судечкиот совет ќе ја добие и нејзината изјава, странките ќе започнат со давање завршни зборови. Изреката на пресудата се очекува набрзо, откако ќе бидат слушнати завршните зборови.

**„Титаник 1“** – судењето против 21 обвинет продолжи. Поранешниот Премиер Никола Груевски е еден од обвинетите во овој предмет. Сите тие се обвинети за „Злосторничко здружување“ според Членот 394 од КЗ, „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања“ според Членот 165-а од КЗ, „Повреда на избирачкото право“ според Членот 159 од КЗ и „Повреда на слободата на изразување на избирачите“ според Членот 160 од КЗ.

Во текот на периодот на известување, Судот закажа 47 судски расправи, од кои 17 беа одложени. СЈО изведуваше материјални докази пред судечкиот совет, заедно со повеќе од 520 кратки текстуални пораки и повеќе од 1.000 документи кои се читаа на записник. Пред Судот сведочеа вкупно 19 сведоци повикани од Обвинителството.

⌘

Во моментот на изработка на овој извештај, целосно завршени беа четири судски предмети на СЈО (во Тврдина 2, жалбената постапка е во тек за само еден од обвинетите).[23] За три предмети се очекува одлука на судот во жалбена постапка[24], за еден предмет судењето треба да започне повторно од почеток[25], а за 14 предмети судењата се во тек. Од вкупно четири предмети што СЈО ги презема од ЈО, во еден судењето е завршено, две судења се во тек и за еден се очекува одлука на второстепениот суд по жалба.[26]

# Предмети на СЈО преземени од Основното јавно обвинителство

**„Шпион“** (преземен на 25 март 2016 година) – судската постапка против седумте обвинети продолжи понатаму. Лицата се обвинети за „Злосторничко здружување“ според Членот 394, став 1 од КЗ; за „Шпионажа“ според Членот 316 став 3 во врска со Член 45; за „Измама“ според Членот 247 став 3 и став 1 од КЗ; и за „Уцена“ според Членот 259, став2 и став 1 од КЗ.

Во овој случај станува збор за повторно судење. СЈО го презема предметот на 26 март 2016 година, кога истиот се наоѓаше во апелациона постапка. Апелациониот суд ги потврди осудителните пресуди против 13 обвинети лица и наложи повторно судење

---

23 *Тврдина 2, Тенк, Тифани и Труст.*

24 *Тарифа, Триста, Тревник.*

25 *Титаник 2.*

26 *Сопот* е завршен затоа што надлежниот обвинител го повлече обвинението, додека судењата за предметите *Монструм* и *Маѓар Телеком* се сè уште во тек, а во предметот *Шпион* беше изречена пресуда (во тек е уште судењето за еден обвинет, за кого започна да се води одвоена постапка во декември 2019).

за шест обвинети, кое започна на 27 јануари 2017 година. Подоцна, уште едно осомничено лице беше лишено од слобода (во Србија) и екстрадирано во Република Северна Македонија. Судската постапка против него е исто така во тек, но, нему му се суди одвоено од останатите шест обвинети. Тој е обвинет за истите кривични дела.

Во текот на периодот на известување беа закажани десет судски рочишта. На два пати судењето започнуваше од почеток, заради предолгиот минат временски период помеѓу расправите, а на три пати расправите беа одложувани. Пред судот сведочеа пет сведоци на СЈО, вклучувајќи и еден оштетен.

На јавноста никогаш не ѝ беше образложено зошто СЈО го презема овој случај, ниту пак тоа стана појасно од случувањата во текот на судските расправи. СЈО не е должно да ја објаснува таквата одлука. Сепак, отсуството на објаснување за јавноста, како и фактот дека во текот на судската постапка не можеше да се утврди која е стратегијата на Обвинителството во конкретниот случај, можат да имаат негативно влијание врз довербата што јавноста ја има во правосудниот систем.

На 21 јануари 2020 година, првостепениот суд донесе ослободителна пресуда по сите обвиненија за петмина обвинети. Предметот е сè уште активен за еден обвинет кој не се појави во судот на закажаното рочиште на 24 декември 2019 година и затоа судот ја одвои постапката против него, а продолжи да им суди на другите обвинети, со цел, да се спаси судската постапка, така што истиот нема да има потреба да започнува сосема од почеток за сите обвинети.

На 16 април 2019 година беше одвоена постапката која се води против обвинетиот што беше екстрадиран од Србија и судската постапка против него продолжи понатаму. Една судска расправа беше одложена и еднаш судењето мораше да започне повторно од почеток, поради изминатото време помеѓу расправите. Во јануари 2020 година, странките ги дадоа своите завршни зборови и пресудата беше изречена на 11 февруари 2020 година. Судот донесе ослободителна пресуда, отфрлајќи ги сите обвиненија против обвинетиот.

**„Монструм“** – судската постапка против шесте обвинети продолжи понатаму. Тие се обвинети за „Тероризам“ според Членот 394-б, став 1 од КЗ, а во врска со Членот 22 и Членот 24 од КЗ.

Тука станува збор за повторено судење наложено од страна на Врховниот суд. Во своето образложение на одлуката со која предметот го упатува на повторно судење, Врховниот суд го посочува постоењето на одредени снимани разговори, како и импликациите што тие снимки би можеле да ги имаат врз случајот. СЈО го презеде овој случај во март 2018 година, на барање на Основното јавно обвинителство. СЈО не
ѝ понуди на јавноста соодветно образложение за причините зошто СЈО има потреба да биде вклучено во овој предмет. Сепак, во текот на судската постапка, во средината на јули и средината на август 2019 година, СЈО достави до судот една нова група докази, кои произлегуваа од незаконското прислушување на телефонските разговори.

СЈО ги изведуваше своите докази во текот на пет судски расправи. Пред судот, исто така, сведочеа и три вешти лица повикани од СЈО, како и 12 сведоци на одбраната. Исто така, СЈО изведуваше и други материјални докази. Вкупно беа закажани 28 судски расправи, од кои само четири беа одложени. Во текот на одржаните расправи, на записник беа прочитани околу 600 прислушкувани разговори (телефонски разговори и кратки текстуални пораки). Останува на судот да ја оцени тежината и важноста на овие снимки

на крајот од главниот судски процес. Дали, некои од овие разговори се важни за утврдување на вината или на невиноста на обвинетите, ќе стане јасно дури откако ќе биде донесена првостепената пресуда.

**„Маѓар Телеком“** – повтореното судење против тројцата обвинети продолжи понатаму. Тие се обвинети за „Давање поткуп“ според Членот 358 од КЗ. Судската постапка продолжи да се одвива во отсуство на обвинетите.

СЈО го презема овој случај во јануари 2019 година. Во текот на периодот на известување, Судот закажа 14 судски расправи, од кои седум беа одложени. Судењето започна повторно од почеток на 25 јануари и потоа уште еднаш на 28 ноември 2019 година, поради истекот на законски предвидениот рок од 60 дена помеѓу расправите.

Пред судот сведочеа тројца сведоци на СЈО и еден сведок на одбраната. Еден одреден период, судењето не можеше да се одвива понатаму, затоа што еден од сведоците (С. Богоевски), одбиваше да се појави во судница. Г-дин Богоевски беше повикуван да сведочи пред судот четири пати. Во септември 2019 година, до судот тој достави писмена изјава дека не знае ништо во врска со овој предмет. Се сметаше дека овој сведок е од суштинско значење за СЈО и обвинението, така што судењето не можеше да продолжи понатаму. На 11 февруари 2020 година, веднаш по истекот на временскиот период што е опфатен со овој извештај, г-дин Богоевски даде свој исказ пред судот. Неговото сведочење значително се разликуваше од неговиот првично даден исказ пред претставниците на надлежните органи од САД.

На расправата одржана во јануари 2020 година, Судот ги извести странките дека еден од обвинетите бил лишен од слобода во Словенија, врз основа на меѓународната потерница издадена од страна на националните органи. Обвинетиот се наоѓаше во притвор и се чекаше прием на барањето за негова екстрадиција. На крајот, барањето за екстрадиција беше одбиено.

# ПОГЛАВЈЕ 3

Во ова поглавје ве запознаваме со најновите случувања во однос на истрагите што СЈО ги објави после 30 јуни 2017 година, како датум на кој според некои мислења, завршува 18 месечниот период во рамки на кој СЈО може да подига обвиненија согласно Законот за СЈО. После овој рок СЈО иницираше 18 нови истраги.

## Најнови информации во однос на 18-те нови истраги отворени од СЈО

Во периодот помеѓу **декември 2017 и ноември 2018 година**, СЈО објави отворање на **18** нови истраги против **86** осомничени лица, поделени на следниов начин:

**19 декември 2017 година**: СЈО го објави отворањето на **седум** нови истраги.[27]

**„Странски служби“**

Осомничени лица: Две – поранешниот Началник на Петтата управа во УБК (поттикнувач) и поранешен Помошник на Министерот за внатрешни работи (директен сторител на делото).

Временска рамка: 16 декември 2014 до 27 мај 2015 година.

Наводно сторено кривично дело: „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353 од КЗ. Според наодите на истрагата, постапката за набавка на специјализирана опрема за прислушување била спроведена незаконски. Се тврди дека едниот од осомничените го наговарал другиот да спроведе постапка за набавка на систем за откривање, блокирање и лоцирање активни ГСМ (глобален систем за мобилна комуникација) системи за пресретнување на комуникациите за потребите на УБК. Вредноста на јавната набавка изнесувала 451.000,00 американски долари за најуспешниот понудувач. Според наводите, сите три добиени понуди биле изработени рачно и со употреба на речиси идентичен ракопис, додека еден од понудувачите учествувал во постапката за набавка, иако воопшто не добил покана да учествува. Според наводите на СЈО, ова кривично дело е сторено со цел да се обезбеди поддршка за тврдењата на поранешниот премиер Груевски дека во време на аферата со прислушкуваните телефонски разговори, во земјата оперирале странски разузнавачки служби.

**„Друмарина“**

Осомничени лица: Едно – поранешен пратеник во Собранието.

Временска рамка: јуни 2011 до 2015 година.

Наводно сторено кривично дело: „Измама во службата“ според Членот 355 од КЗ како продолжено кривично дело. Според тврдењата на Обвинителството, за време на неговиот мандат како пратеник во Собранието, осомничениот доставувал документи за надомест на патни трошоци, иако тие патувања воопшто никогаш не се случиле, или пак не биле за службени потреби и како такви, трошоците за нив не можеле да

27 Во текот на прес-конференцијата, претставниците на СЈО соопштија дека од ЈО презеле три предмети во предистражна постапка, односно предметите *Скопје 2014, Актор и Космос*

бидат надоместени со средства од државниот буџет. Наводната предизвикана штета на буџетот на државата изнесувала околу 6 милиони денари.

**„Рендген“**
Осомничени лица: Едно – поранешен Министер за здравство.
Временска рамка: февруари 2012 - 30 април 2013 година.
Наводно сторено кривично дело: „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353 од КЗ. Во овој предмет станува збор за сомневање дека осомничениот ја злоупотребил својата службена положба и овластувања и фаворизирал една компанија при набавката на медицинска опрема, инструменти и информатички системи, со што ги прекршил одредбите на Законот за јавни набавки за еднаков третман на сите понудувачи во постапките за јавни набавки. Вкупниот износ на трошокот за набавка на медицинската опрема изнесувал 53.136.481,61 денари. Исто така, осомничениот наводно ѝ овозможил на уште една компанија да оствари незаконска корист во износ од 53.874.500,00 денари, преку повреда на постапката за набавки пропишана во Законот за јавни набавки.

**„Продуцент“**
Осомничени лица: Едно – поранешен Министер за земјоделие.
Временска рамка: 2009 – 2012 година.
Наводно сторено кривично дело: „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353 од КЗ.
Осомничениот е предмет на истрага затоа што постои основано сомневање дека тој потпишал договор за јавни набавки со една компанија во вредност од 3.563.875,00 денари, без притоа воопшто да спроведе постапка за јавна набавка.

**„Лидери“**
Осомничени лица: Едно.
Временска рамка: 2011 – 2013 година.
Наводно сторено кривично дело: „Бесправно градење“ според Членот 244-а од КЗ.
СЈО спроведува истрага во врска со бесправно изградени објекти.

**„Тарифа 2“**
Осомничени лица: Едно.
Временска рамка: 2012 – 2014 година.
Наводно сторено кривично дело: „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353 од КЗ. СЈО спроведува истрага во врска со наводна злоупотреба во имплементацијата на софтверскиот систем за управување со ресурси за потребите на АД ЕЛЕМ, а во врска со предметот Тарифа.

**„Транспортер 2“**
Осомничени лица: Десет.
Временска рамка: 2009 – 2014 година.
Наводно сторено кривично дело: „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353 од КЗ. СЈО продолжува да работи на постојниот предмет *Транспортер*, во врска со злоупотребата на постапката за јавни набавки во процесот на организирање транспорт за учениците од основните и средните училишта во Битола.

**На 20 март 2018 година:** СЈО го објави отворањето на **три** нови истраги:

**„Попис“**
Осомничени лица: Две – поранешен премиер и лидерот на политичката партија ДУИ.
Временска рамка: 2011 година.
Наводно сторено кривично дело: „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353 од КЗ. Истрагата се однесува на начинот на кој осомничените лица во овој случај го прекинале тековниот процес за спроведување на пописот на населението во 2011 година. Поконкретно, осомничените барале Собранието да го повлече Законот за попис, со образложение дека постапката не била во согласност со меѓународните стандарди утврдени од страна на Евростат (Eurostat). Всушност, според првичните наоди од истрагата, нивната вистинска намера била да ги прикријат вистинските податоци во однос на демографската и економската состојба во земјата. Износот на наводно предизвиканата штета на државниот буџет изнесува 175.123.909,00 денари.

**„Моќник“**
Осомничени лица: Три – пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, неговиот татко и поранешниот градоначалник на општината Македонски Брод.
Временска рамка: 2011 – 2014 година.
Наводно сторено кривично дело: „Измама“ според Членот 247 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353 од КЗ. Истрагата е поврзана со наводната незаконска продажба на еден објект во државна сопственост, кој се наоѓа во општина Македонски Брод.

**„Актор“**
Осомничени лица: Десет – поранешен Премиер, поранешен Министер за транспорт и врски и уште осум други лица.
Временска рамка: 30 август 2011 – август 2013 година (постапка за јавни набавки);
и 2012 – 2016 (перење пари).
Наводно сторено кривично дело: „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353 од КЗ и „Перење пари и други приноси од казниво дело“ според Членот 273 од КЗ.
Оваа истрага се бави со наводните тврдења дека во текот на тендерската постапка за изградба на автопат Демир Капија – Смоквица, поради незаконските дејствија преземени од страна на двајца од осомничените, понудувачот кој дал најниска цена бил дисквалификуван, затоа што имал блиски врски со една опозициска партија. Истрагата утврдила дека осомничените му помогнале на еден понудувач да го добие тендерот, иако тој не ги задоволувал сите критериум за избор, а со изборот за најуспешен понудувач му овозможиле да се стекне со противправна имотна корист во износ од 480.412.974,00 денари.
Во рамки на истрагата се разгледувани и наводните тврдења дека во периодот помеѓу 2012 и 2016 година, некои од осомничените лица воспоставиле трајна соработка помеѓу нивните претпријатија, со цел, да реализираат лажни исплати по нереално високи цени. Осомничените лица склучувале лажни договори за услуги преку нивните претпријатија и на тој начин „испрале“ финансиски средства во вкупен износ од 181.736.436,00 денари, од кои 35.777.951,00 денари му биле исплатени на еден од осомничените.

**На 10 и 13 октомври 2018 година:** СЈО објави отворање **седум нови истраги** против **41** осомничено лице.

**„Подарок“**
Осомничени лица: Три – поранешен Министер за финансии, поранешен Министер за транспорт и врски и директорот на Македонски енергетски ресурси А.Д. Скопје.
Временска рамка: јануари 2012 - јули 2014 година.
Наводно сторено кривично дело: „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353 од КЗ, поради овозможување на странска компанија да се стекне со противправна имотна корист во износ од околу 33 милиони евра. Двајца од осомничените имале задача да обезбедат спроведување на еден меѓудржавен договор, потпишан помеѓу владите на Република Северна Македонија и Русија на 19 јуни 2010 година, за регулирање на преостанатите обврски на СССР кон СФРЈ, а особено оние кои се однесуваат на Република Северна Македонија. Двајцата осомничени се договориле дека долгот кон државата, Русија треба да си го исплати преку заедничка изградба на гасовод во вкупна вредност од 56 милиони евра, со удел на Русија од 80% и удел на Република Северна Македонија од 20% во севкупната цена. Сепак, според претходно изработената физибилити студија, трошокот за гасоводот требало да биде далеку понизок (околу 30-35 милиони евра). Од тие причини, истрагата претставува обид да се откријат причините за оваа разлика и да се утврди дали со преземените дејствија, осомничените лица во овој случај всушност сториле некое кривично дело.

**„Пропаганда“**
Осомничени лица: Девет – поранешен Премиер, поранешен Генерален секретар на Владата и седум други обвинети лица.
Временска рамка: 2010 – 2015 година.
Наводно сторено кривично дело: „Злосторничко здружување“ според Членот 394, став 1 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Член 353 од КЗ. Истрагата е отворена, со цел, да се утврди дали јавното мислење било на било каков начин изложено на притисок и влијание и дали медиумските куќи биле вмешани во контролирано распространување на информации. Истрагата е обид да се утврди дали овој начин на однесување претставува кривично дело. Според истрагата, притисокот врз јавното мислење е извршен преку злоупотреба на јавни средства преку државниот буџет, со цел, да се обезбеди поддршка за политичките активности на ВМРО-ДПМНЕ. Се чини дека промовирањето на активностите на само една политичка партија преку медиумите било можно, поради влијанието што двајца од обвинетите го имале, преку можноста да одлучуваат за доделувањето рекламни договори со радио дифузните друштва во вкупна вредност од 30 милиони евра, со цел, да извршат притисок врз нивните уреднички политики во полза на партијата ВМРО-ДПМНЕ.

Освен тоа, истите осомничени, потпомогнати од други лица, наводно се одговорни и за организација на преземањето на контролата врз и управувањето со седум локални ТВ станици и едно радио. Се тврди дека на тој начин им овозможиле стекнување на противправна имотна корист во вкупен износ од 5.250.000,00 евра.

Нивните постапки биле насочени кон прикривање на вистинската сопственост и контрола над медиумските куќи. Медиумите биле финансирани со државни буџетски средства, преку потпишување договори за вршење услуги – договори за рекламирање, односно емитување реклами и кампањи за потребите на Владата на Република Северна Македонија. Истовремено, буџетски средства се користеле и за финансирање на ваквите проекти на индиректен начин. Одредени правни субјекти кои имале потпишано договори со различни државни органи, исто така, учествувале во финансирањето на овие медиумски куќи, а осомничените го овозможувале ваквиот начин на финансирање.

**„Дизајн“**
Осомничени лица: Четири – поранешен Министер за транспорт и врски и три други лица.
Временска рамка: 2009 и 2010 година.
Наводно сторено кривично дело: „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Член 353 од КЗ. Според наводите од истрагата, на една странска компанија ѝ бил даден привилегиран статус во рамки на постапката за набавка на 202 двокатни автобуси во Скопје. На крајот на тендерската постапка, како најуспешен понудувач е избрана една кинеска компанија и покрај фактот што било утврдено дека таа всушност не ги исполнува сите предвидени услови во повикот за јавна набавка. Самата постапка за набавка го чинела државниот буџет 5.000.000,00 евра.

Се чини дека доказите што се на располагање покажуваат дека првоосомничениот, во тоа време министер во владата, поништил две претходни јавни набавки за спорните автобуси, во кои постапки учествувал и економскиот оператор од Кина, без притоа да ги исполни сите предвидени услови во повикот за јавна набавка. Затоа, оценката е дека поранешниот Министер донел одлука која е спротивна на Членот 161 од Законот за јавни набавки, кога се решил условите за набавката да ги надополни со уште еден дополнителен елемент, кој се однесувал на конкретниот дизајн на автобусите. Со новиот критериум се фаворизирал кинескиот економски оператор.

Победникот на тендерот поднел документација која не соодветствувала со барањата и условите на објавениот тендер, односно тој не го поседувал предвидениот сертификат за квалитет ISO 9001: 2000, туку приложил потврда за поседување на сертификатот ISO / TS 16949: 2002. Освен тоа, банкарската гаранција била издадена од Охридска Банка АД Скопје, која во тој момент не поседувала „Б“ кредитен рејтинг, како еден од условите во тендерската документација. Комисијата за јавни набавки го избрала кинескиот економски оператор како најуспешен понудувач и покрај сите овие идентификувани недостатоци во поднесената документација.

Кинеската компанија го добила тендерот, затоа што конкурентот добил пониска оценка затоа што не бил во состојба да го понуди конкретниот дизајн на автобусите дефиниран во тендерската документација и покрај фактот што тој дал пониска финансиска понуда.

Истрагата се обидува да утврди дали Министерот имал законска обврска да ја поништи јавната набавка поради сериозни пропусти во постапката, а не го сторил тоа, со што постапил спротивно на Членот 136 од Законот за јавни набавки.

**„Хармонија“**
Осомничени лица: Три – поранешен Премиер, поранешен Министер за транспорт и врски и поранешен Градоначалник на градот Скопје.
Временска рамка: 2012 и 2013 година.
Наводно сторено кривично дело: „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Член 353 од КЗ. Поранешниот премиер – со помош на својата поврзаност со одредени државјани на Турција – им помогнал на сопствениците на еден приватен универзитет во Скопје да купат две градежни парцели во Скопје по нереално ниски цени (1 евро за метар квадратен, наместо по цена од 20 евра за метар квадратен). Тоа го сторил така што извршил измени и дополнувања на законските одредби за продажба на градежно земјиште во државна сопственост. Потоа, друг осомничен побарал од поранешниот градоначалник да организира продажба на градежното

земјиште по пат на електронско јавно наддавање. На овој начин, Универзитетот се стекнал со противправна имотна корист во износ од 385.868,00 евра.

Јавната набавка за предметните градежни парцели требала да се реализира преку електронско јавно наддавање. Со цел, максимално да ги намали шансите за успех на останатите учесници во процесот на јавно наддавање, еден од осомничените вклучил и еден дополнителен специјален услов – учесниците во постапката, освен доказ за акредитација во високо образование, биле должни да достават и несразмерно висока банкарска гаранција во износ од 100.000,00 евра за секоја парцела. Универзитетот ја доставил својата понуда, која била некомплетна, меѓутоа, по интервенцијата на едниот од осомничените, документацијата била прифатена и Универзитетот бил прогласен за најуспешен понудувач.

**„Пациент"**

Осомничени лица: Петнаесет – поранешен Министер за здравство и уште 14 други лица.

Временска рамка: 2010; 2012 и 2013 година.

Наводно сторено кривично дело: „Злоупотреба на службената положба и овластување" според Член 353 од КЗ. Преземените дејствија биле поврзани со постапките за јавни набавки во врска со реконструкцијата на неколку јавно здравствени институции во Република Северна Македонија.[28] Во 2010 година, четири од осомничените лица, инаку членови на комисијата за јавни набавки во рамки на Министерството за здравство, доставиле незаконски предлог за избор на најуспешниот понудувач. Тогашниот Министер за здравство, наместо да го одбие доставениот предлог од комисијата, одлучил како најуспешен понудувач да избере една компанија од Бугарија, и покрај тоа што наводно било очигледно дека таа компанија не ги задоволува предвидените услови во тендерската документација, ниту пак дала најниска финансиска понуда.

Доказите укажуваат на тоа, дека осомничените лица фаворизирале една компанија, иако знаеле дека тој понудувач не ги исполнува предвидените услови. Во делот на изведбата, компанијата не приложила соодветни потврди за овластувањата и стручноста на инженерскиот кадар, додека во делот на цените и пресметките, кој се смета за составен дел од понудите, компанијата не ги приложила соодветните податоци. При изборот на оваа компанија, комисијата за јавни набавки целосно го игнорирала понудувачот кој имал дадено најниска цена. Се верува дека слични постапки за јавни набавки се реализирани повторно и во 2012 и 2013 година. Вкупната предизвикана штета на државниот буџет не е точно утврдена. Сепак, одредени индикатори укажуваат дека вкупната штета е некаде околу 500.000,00 евра.

**„Базни станици"**

Осомничени лица: Едно – поранешен Генерален директор на T-Mobile Македонија.

Временска рамка: 2009 – 2010 година.

Наводно сторено кривично дело: „Злоупотреба на службената положба и овластување" според Член 353 од КЗ. Постојат причини да се верува дека, во полза на друго правно лице, обвинетиот остварил противправна имотна корист во вкупна вредност од 3.522.400,00 евра. За целите на легализација на незаконски поставените базни станици, осомничениот во 2011 година побарал од една компанија да достави финансиска понуда до T-Mobile Македонија, со цел, да се заврши постапката околу легализацијата на базните станици и покрај тоа што мобилниот оператор имал сопствен тим експерти и

28 ЈЗУ Општа болница Охрид, ЈЗУ Клиничка болница Тетово и ЈЗУ СБГА ,,Мајка Тереза" во Чаир.

лиценциран персонал кој бил сосема способен да ја заврши таа работа. Другата компанија истата услуга ја понудила по три пати повисока цена, во споредба со цената на чинење на услугите, доколку истите биле извршени од страна на вработените експерти во овој мобилен оператор.

**„Поштенска банка“**
Осомничени лица: Шест.
Временска рамка: од 2001 до 2010 година.
Наводно сторено кривично дело: „Перење пари и други приноси од казниво дело“ според Членот 273 од КЗ. Постојат причини да се верува дека осомничените лица во овој случај воспоставиле посебна организирана структура за потребите на перење пари преку Поштенска банка. Се чини дека истото е сторено преку вклучување на одредени претпријатија во процесот на приватизација на банката, кои биле директно избрани од страна на еден од осомничените. Првично, истрагата беше отворена против деветмина: сегашните шест обвинети, поранешниот Премиер, поранешниот Потпретседател на Владата и поранешниот Министер за финансии. Во секој случај, истрагата против последните тројца осомничени не можеше да продолжи, поради настапената апсолутна застареност на делото за кое би се гонеле.

Одлуката на СЈО да најави отворање истрага против лица кои всушност не можат повеќе да бидат гонети за наводното дело (поради застареност на истото), претставува несреќно направен избор. Пресумпцијата на невиност е најважното начело кое мора да се почитува во рамки на секоја кривична постапка, па така и во рамки на оваа истрага. Фактот што името на одредено лице се поврзува со одредени криминални дејствија, без да му се даде можност да ги негира таквите наводи и докаже како погрешни, може да има сериозни негативни последици врз угледот и честа на тоа лице, а на тој начин и врз неговиот или нејзиниот приватен и/или професионален живот.

Најдобрата пракса предвидува, со цел, да се заштитат основните права на луѓето,[29] како и кредибилитетот на правосудниот систем во целина, пред да се објавуваат имиња на лица кои се вмешани во одредена истрага, да се разгледаат и оценат сите можни ограничувања или пречки што би можеле да се јават во текот на истрагата, вклучувајќи ја и евентуалната застареност на делата.

**9 ноември 2018 година:** СЈО објави отворање на **една истрага** против **13** лица.

**„Империја“**

Осомничени лица: Тринаесет – познат бизнисмен од земјата, политичари и компании во нивна сопственост.
Временска рамка: 2002 – 2013 година.
Наводно сторено кривично дело: „Злосторничко здружување“ според Членот 394 од КЗ; „Оштетување или повластување на доверители“ според Членот 257 од КЗ; „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353 од КЗ; „Измама“ според Членот 247 од КЗ; и „Перење пари и други приноси од казниво дело“ според Членот 273 од КЗ.

Ова е единствената истрага, во чија рана фаза некои од осомничените лица беа притворени (притвор во истражна постапка) во времетраење од еден месец. Освен тоа, судот одреди и дополнителни мерки на претпазливост. Судијата на претходната постапка донесе одлука за привремено замрзнување на одреден имот и банкарски сметки. Според

29 На пример, правото на приватност заштитено со Членот 25 од Уставот на Република Северна Македонија, како и Членот 8 од ЕКЧП.

наводите на Обвинителството, предизвиканата штета на државниот буџет изнесува 6.275.280,00 евра, а износот на перење пари ја достигнува сумата од 10 милиони евра.

# Обвиненија во случајот *Талир*

Истрагата за овој предмет започна на 22 мај 2017 година и истата се водеше против шест осомничени лица, вклучувајќи го и поранешниот Премиер Груевски. Истрагата беше насочена кон утврдување на начинот на финансирање на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, како и на начинот на кој е изградена зградата каде е лоцирано партиското седиште.

На крајот на истрагата, со цел, да се обезбеди подобро и поефикасно одвивање на судската постапка, СЈО одлучи да подигне два обвинителни акти, на тој начин разделувајќи ги резултатите од истрагата на два дела. Двете обвиненија СЈО ги достави до судот на 22 ноември 2018 година. Во едниот обвинителен акт *(Талир 1)* беа обвинети шест лица за „Злоупотреба на службената положба и овластување" според Членот 353 од КЗ и за „Перење пари и други приноси од казниво дело" според Членот 273, став 1 од КЗ, во врска со Членот 22 и во врска со Членот 45 од КЗ.

Првообвинетиот е обвинет за злоупотреба на неговата службена положба и повреда на Законот за финансирање на политичките партии и Законот за борба против корупцијата во периодот од 2009 до 2015 година, затоа што обезбедувал средства од анонимни и незаконски извори за потребите на финансирање на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ. Тоа го правел со помош на другите двајца обвинети, кои вршеле притисок врз претставници од повеќе различни правни лица кои имале договорни деловни врски со различни државни органи, јавни претпријатија или единици на локалната самоуправа, принудувајќи ги да вршат уплати на парични средства за потребите на финансирање на партијата, а за возврат ветувајќи им учество во профитабилни јавни набавки.

Обвинетиот не ги враќал овие средства на субјектите што ги уплаќале, ниту пак истите ги уплаќал во полза на буџетот на Република Северна Македонија, како што бил обврзан согласно Законот за финансирање на политичките партии. Како резултат на сето ова, тој наводно предизвикал штета во износ од најмалку 283.432.656,00 денари, односно 4.6 милиони евра. Со цел да го скријат фактот дека се работи за средства што се приноси од казниво дело од 2011 до 2015 година, обвинетите организирале уплатата на парите да оди преку различни физички лица со внесување на лажни податоци, користејќи имиња на поединци кои всушност не ги вршеле ваквите уплати.

Еден од обвинетите, кој се гони за „Перење пари и други приноси од казниво дело" според Членот 273, став 1 од КЗ, одлучи да го признае делото и се спогоди со СЈО. Таа беше осудена на двегодишна условна затворска казна, која нема да ја издржи доколку не стори ново кривично дело во следните пет години.

Во вториот обвинителен акт поднесен како резултат на оваа истрага *(Талир 2)*, двајцата обвинети се товарат за „Злоупотреба на службената положба и овластување" според Членот 353 од КЗ. Тие се обвинети дека ја злоупотребиле својата службена положба, овозможувајќи му на едно правно лице да ја изгради зградата во која е лоцирано партиското седиште на ВМРО-ДПМНЕ.

Постојната законодавна рамка[30] го ограничува процентот од годишниот приход на било кое трговско друштво, кој смее да потекнува од државниот буџет или буџетите на единиците на локална самоуправа на ниво од 75%. Правниот субјект што е предмет на обвиненијата во овој случај, веќе ја имал достигнато оваа законска граница, во моментот кога ги давал своите градежни услуги за потребите на ВМРО-ДПМНЕ. Според обвинителниот акт, обвинетите, спротивно на овие законски одредби, ѝ овозможиле на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ да се стекне со значителна противправна имотна корист во износ од 507.164.424,00 денари, односно 8.25 милиони евра.

Двата обвинителни акти се потврдени и предметите се подготвени за почеток на судската постапка. Во *Талир 1*, досега веќе има закажано десетина рочишта, меѓутоа, главното судење сѐ уште не е формално започнато, затоа што на ниту една од тие расправи не можеше да се донесе заклучок дека се исполнети сите неопходни услови за почеток на судењето. На поранешниот Премиер Груевски ќе му се суди во отсуство, затоа што тој побара и доби политички азил во Унгарија во 2018 година.

Во *Талир 2*, судската постапка е започнат. Еден обвинет е присутен во судницата, додека на поранешниот Премиер Груевски му се суди во отсуство. Двете страни веќе ги дадоа своите воведни излагања, а судот на обвинетиот Груевски му додели бранител по службена должност.

30 Погледнете Закон за политичките партии, Службен весник бр.76/2004, 5/2007, 8/2007, 5/2008 и 23/2013; Закон за финансирање на политичките партии, Службен весник бр.76/2004, 86/2008, 161/2008, 96/2009, 148/2011, 142/2012, 23/2013 и 140/2018; и Закон за облигационите односи, Службен весник бр.18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/2013

# ПОГЛАВЈЕ 4

## Сеопфатна анализа на завршените предмети

За времетраењето на овој проект, само пет предмети ја добија својата судска разрешница.[31] Во еден од нив, обвинетиот ја призна вината, а во друг Обвинителството всушност одлучи да го повлече обвинението. Во предметот *Тврдина 2*, сѐ уште се води жалбена постапка за еден од обвинетите, додека пресудата во однос на сите останати обвинети е веќе правосилна. Во овој дел на извештајот се вклучени и предметите за кои се водат жалбени постапки *(Триста, Тревник, Тврдина 2* и *Титаник 2)*[32], иако истите не се целосно завршени.

Како што беше посочено и погоре, целта на набљудувањето на овие судски постапки е „да се подобри правичноста, ефективноста и транспарентноста на правосудниот систем“[33], или кажано со други зборови, да се утврди дали се почитуваат стандардите за фер и правично судење загарантирани со Членот 6 од ЕКЧП и со националната легислатива. Од таа причина, анализата на изречените пресуди прикажана во продолжение на текстот се фокусира единствено врз процесните аспекти на судењата: пресумцијата на невиност, правото на судење во разумен временски рок, правото на јавно судење и правото на одлука со соодветно образложение.

**i) „Тврдина 2“** – предмет поврзан со уништувањето на документацијата во врска со опремата користена за следење и прислушкување на комуникациите. Првостепената судска постапка во овој предмет беше завршена на 8 ноември 2017 година. Веројатно ова е еден од најважните предмети на Обвинителството по кој постапува Судот, имајќи предвид дека истиот претставува обид да се дознае што точно се случувало во рамки на процесот на незаконското прислушкување. Во овој предмет се анализираше феноменот што ја шокираше целокупната јавност во земјата и помогна во утврдувањето на одговорните лица за аферата.

Во овој предмет беа обвинети седум лица за „Фалсификување службена исправа“ според Членот 361 од КЗ, дело за кое е предвидена казна затвор во времетраење од три месеци до пет години. Во обвинителниот акт се наведува дека лицето Горан Грујевски, поранешниот началник на Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК), заедно со уште шест други вработени во Управата, незаконски формирал Комисија која била задолжена да ги уништи сите материјали во врска со незаконското прислушкување.

На 8 ноември 2017 година, првостепениот суд донесе осудителна пресуда против сите обвинети лица и на петмина од нив им изрече условни казни, додека на Грујевски

---

31 *Тенк, Труст, Тифани, Сопот* и *Тврдина 2* (последниот за сите освен за Г.Грујевски).

32 Првостепени пресуди беа изречени и во предметите *Тарифа* и *Шпион*, но, во моментот на пишување на овој извештај, сѐ уште не беа готови писмените пресуди. Исто така, апелационата постапка за Титаник 2 заврши и предметот е вратен на повторно судење.

33 Погледнете *Набљудување судски процеси: Референтен прирачник за практичари,* стр. 16, достапно на следнава интернет адреса https://www.osce.org/odihr.

(кој избега во Грција и му се судеше во отсуство) му беше изречена затворска казна во времетраење од една година и шест месеци. Пресудата содржи добро образложение, со детално објаснување на релевантните докази што судот ги земал предвид при носењето одлука во конкретниот предмет. Во пресудата е детално објаснето и зошто судот не можел да ѝ подари верба на теоријата за случајот презентирана од страна на одбраната. Освен тоа, пресудата содржи и целосен преглед на конкретните околности (олеснувачки и отежнувачки) во однос на секој од обвинетите, што биле земени предвид при одмерувањето на соодветната казна за секој од нив.

Само двајца обвинети ја обжалија пресудата, односно Грујевски и Валентина Симоновска. На 10 април 2018 година, Апелациониот суд ја потврди осудителната пресуда за Симоновска. Од друга страна, судот ја укина осудителната пресуда за Грујевски и нареди судењето да се повтори, наведувајќи дека првостепениот суд погрешно ја утврдил исполнетоста на законските барања и услови за судење во отсуство. Новото судење на Грујевски, повторно во негово отсуство, започна на 19 септември 2018 година и заврши на 20 ноември 2019 година во прв степен, при што Грујевски беше повторно прогласен за виновен и му беше изречена истата казна како и на крајот на првото судење.

Неколку процесни прашања се поставија како спорни во текот на првичната првостепена судска постапка. Прво, одбраната се противеше на изведувањето докази кои беа означени како „доверливи информации“. Обвинителството успеа да обезбеди декласификација на одредени документи од страна на Министерството за внатрешни работи (МВР), како надлежна институција за овие прашања. Во ситуациите кога пред судот се изведуваа класифицирани документи, јавноста беше исклучена од расправата.[34]

СЈО го подигна обвинителниот акт на 15 септември 2016 година, а судската постапка заврши на 10 април 2018 година. Од тие причини, би можело да се каже дека правото на судење во разумен рок, онака како што истото е предвидено во Членот 5, став 1 од ЕКЧП беше испочитувано.

Од процесна гледна точка, веројатно најважното прашање беше судењето во отсуство на првообвинетиот во овој предмет, Горан Грујевски. Одлуката на Апелациониот суд да го врати предметот назад на судење во прв степен само за овој еден обвинет беше предмет на разгледување во Вториот преоден извештај.[35] Во текот на повтореното судење, Обвинителството побара од судот да прифати дополнителни докази, односно уште 56 класифицирани документи. Изведувањето на овие докази се одвиваше на расправа затворена за јавноста, меѓутоа, на набљудувачите од ОБСЕ им беше дозволено да присуствуваат,[36] со што судот го призна нивниот статус на научни и јавни работници (погледнете го Членот 355, став 2 од ЗКП). Дополнително, Обвинителството имаше можност да ги искористи и да се повика на сведочењата на веќе осудените сообвинети лица, кои сведочеа за нивната улога во уништувањето на посочената документација, како и за улогата што Грујевски ја имал во целокупниот процес.

---

34 Сепак, согласно Членот 355, став 2 од ЗКП, на набљудувачите од ОБСЕ им беше дозволено да останат во судницата.

35 Погледнете го Вториот преоден извештај, стр. 12 од англиската верзија.

36 Мисијата на ОБСЕ во Скопје ги поздравува измените во пристапот на ОКС Скопје, според кои на набљудувачите од ОБСЕ, во својство на научни и јавни работници, им е дозволено да присуствуваат во судниците за време на деловите на расправите во кои е исклучено присуството на јавноста. На овој начин, Судот ја покажува својата посветеност за обезбедување транспарентност и отвореност на постапките во овие судски предмети, како и воопшто на неговото севкупно работење.

Генерално, ЕКЧП не содржи одредби со кои би се забранило судењето во отсуство. Правото на одбрана во таквите случаи треба да се гарантира преку други мерки што се предвидени во Членот 6 од ЕКЧП, односно преку избор на соодветен бранител, кому ќе му се обезбедат доволно време и можности да ја подготви одбраната. Може да се потврди, дека знаејќи со какви информации располагал Апелациониот суд во моментот на разгледувањето на настанатата ситуација, било повеќе од јасно дека обвинетиот нема намера лично да се појави во судот во текот на постапката. Оттука, исто така, имајќи го предвид фактот дека и повтореното судење се одржа во отсуство на обвинетиот, одлуката на Апелациониот суд за ова прашање и понатаму останува нејасна.

**ii) „Тифани“** – предмет поврзан со кривичното дело Даночно затајување, каде едно претпријатие и неговиот сопственик се обвинети за даночно затајување според Членот 279, став 2 и став 1 од КЗ. Законски запретената казна за ова кривично дело е најмалку четири години затвор. Судењето заврши со признание на вината од страна на обвинетата, на која ѝ беше изречена условна затворска казна во времетраење од 2 години и која нема да ја издржи доколку не стори друго кривично дело во следните четири години. Судот ѝ наложи на обвинетата да плати и вкупен износ од 3.700.000,00 денари во полза на државниот буџет, на име парична казна и надомест на штета. На 18 јули 2018 година, Апелациониот суд ја потврди првостепената пресуда.

Овој предмет беше завршен брзо, поради изборот на обвинетата да ги искористи законските поволности што се нудат во случај на признание на вина. Всушност, Судот беше доста благ кон обвинетата, изрекувајќи ѝ условна казна. Сепак, двете страни одлучија да го користат нивното право на жалба против донесената пресуда.

Одбраната, во жалбата против пресудата донесена врз основа на признание на вина, тврдеше дека признанието на делото во текот на првостепената судска постапка било дадено под притисок на медиумите. Од друга страна, СЈО ја обжали пресудата во делот на изречената казна од страна на првостепениот суд, тврдејќи дека истата е премногу блага и не ја одразува сериозноста на стореното дело.

Апелациониот суд ги одби двете жалби, образожувајќи дека секое признание, па дури и кога истото е дадено под притисок од медиумите и понатаму останува признание на делото. Медиумскиот притисок не претставува незаконска принуда за обвинетата. Законот предвидува некои други околности во кои признанието на вина не смее да послужи како основа за носење осудителна пресуда.[37] Во овој случај не постоеше ниту една ваква околност. Првостепениот суд јасно и прецизно ја информирал обвинетата за последиците што произлегуваат од евентуалното признание на вината и соодветно побарал од обвинетата да се изјасни дали целосно ги разбира таквите последици. Обвинетата имала бранител по свој избор, кој бил присутен и можел да ја советува во текот на расправата кога таа го признала делото. Оттаму, Апелациониот суд оценил дека одлуката на првостепениот суд е законска и истата ја потврдил.

Апелациониот суд ја одби и жалбата на СЈО во однос на изречената казна. Повисокиот суд ја потврди одлуката на првостепениот суд, наведувајќи дека истиот на соодветен начин ги зел предвид како олеснителните, така и отежнувачките околности во предметот и му дал соодветна тежина и важност (од аспект на изречената казна) на признанието на вина.

37 Согласно Член 12 став 1 од ЗКП.

Правото на жалба на пресудата е фундаментално право кое го имаат двете страни. На тој начин се избегнуваат можните грешки и што е уште поважно, жалбената постапка има надзорна улога во однос на работата на судиите во првостепените судови. Сепак, во овој случај, искористувањето на ваквото право се чини дека предизвика непотребно одолговлекување на кривичната постапка, која беше завршена и требаше да продолжи со фазата на извршување. Извршувањето на казната во нејзиниот паричен дел (плаќање на паричната казна и надомест на предизвиканата штета) е тема за која се говори во друг дел од овој извештај.[38]

**iii) „Триста (300)“** – станува збор за предмет поврзан со процесот на јавна набавка на 300 возила за потребите на Министерството за внатрешни работи (МВР). Обвинението е подигнато само против еден обвинет (поранешниот помошник министер за внатрешни работи) за сторено дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353, став 5 и став 1 од КЗ, за кое е пропишана затворска казна во времетраење од најмалку пет години.

На 22 мај 2018 година беше донесена првостепената осудителна пресуда и на обвинетиот му беше изречена затворска казна од девет години. Уште повеќе, на обвинетиот му беше наложено и да ја надомести штетата на МВР во износ од 28 милиони денари. Обвинетиот ја обжали оваа пресуда, тврдејќи дека првостепената пресуда не содржи соодветно образложение и објаснување за утврдената намера за сторување на кривичното дело. Обвинетиот го оспорил и постоењето на било каква предизвикана штета на буџетот на МВР, имајќи предвид дека набавените автомобили во спорната процедура и понатаму се во редовна употреба во министерството.

Уште едно прашање што беше поставено во жалбата е поврзано со автентичноста на снимките од пресретнатите телефонски разговори, при што, одбраната тврди дека било невозможно да се потврди нивната автентичност и затоа овие докази треба да се издвојат од судските списи во предметот. Извештајот од вештачењето, исто така, беше предмет на критики од страна на одбраната, затоа што вештото лице, во моментот кога го вршело вештачењето, не поседувало соодветно овластување. На 26 декември 2018 година, Апелациониот суд ја укинал осудителната пресуда и го вратил предметот на повторно судење пред првостепениот суд.

Според оценката на Апелациониот суд, во судската постапка пред првостепениот суд биле направени неколку повреди на законот. Имено, вештото лице не поседувало соодветна лиценца во моментот кога го издал својот вешт наод и мислење, а Претседателот на судечкиот совет одбил преку читање, во записникот да внесе одредени делови од материјалните докази. Дополнително, Апелациониот суд му наложи на првостепениот суд да утврди дали при набавката на спорните автомобили биле почитувани одредбите од Законот за јавни набавки.

Повтореното судење пред првостепениот суд заврши на 22 октомври 2019 година, со изрека на истата казна која и претходно му беше изречена на обвинетиот, односно 9 години затвор и обврска да ја надомести предизвиканата штета на државниот буџет, како резултат на неговото криминално однесување (28 милиони денари).

**iv) „Тенк“** – овој предмет се однесува на набавката на луксузно возило за поранешниот Премиер Никола Груевски во 2012 година. Во текот на истрагата била откриена

38 Погледнете го Поглавјето V.

незаконската процедура за набавка на луксузно возило за ексклузивна употреба од страна на едно лице, а по конкретно барање и избор на корисникот (поранешниот Премиер Груевски). Генерално, јавните набавки се вршат врз основа на спроведена анализа на потребите, имајќи ја предвид должноста јавната набавка да му се додели на понудувачот што ќе понуди најниска цена. Во овој конкретен случај, истрагата покажала дека процесот на јавна набавка со користење јавни средства започнал со наредбата од Груевски, кој сакал да добие конкретен вид автомобил за себе. Оттаму, не била извршена анализа на потребите. Постапката за јавна набавка била организирана на таков начин, што предвидените услови и барања можел всушност да ги исполни само еден понудувач.

Првостепениот суд ја објави својата пресуда на 23 мај 2018 година. Поранешниот Премиер Груевски беше осуден за сторено дело „Примање награда за противзаконито влијание“ според Членот 359, став 2 од КЗ и му беше изречена затворска казна во времетраење од две години. Поранешниот помошник министер за јавни набавки во МВР беше осуден за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353, став 5 и став 1 од КЗ, а му беше изречена затворска казна во времетраење од шест години и шест месеци. Пресудата беше добро образложена и јасно ги презентираше доказите на кои судот им дал верба, при утврдувањето на вината на обвинетите. Пресудата содржеше и јасно објаснување зошто судот ја отфрлил теоријата за случајот на одбраната. На 5 октомври 2018 година, Апелациониот суд ја потврди осудителната пресуда и изречената казна за поранешниот Премиер Груевски, но, изречената казна за второобвинетиот ја намали на четири години и шест месеци.

На поранешната Министерка за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска, ѝ се судеше во одвоена постапка. На 8 октомври 2018 година, судот донесе осудителна пресуда против неа за делото „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353, став 5 и став 1 од КЗ и изрече затворска казна во времетраење од шест години. По барање на СЈО, судот на Јанкуловска ѝ забрани да го напушта местото на нејзиното живеалиште поради опасност од бегство, согласно Членот 163 став 1 од ЗКП. На 28 март 2019 година, Апелациониот суд ја намали казната за Јанкуловска на четири години затвор.

Без разлика на бегството од правдата на поранешниот Премиер Груевски што следеше подоцна, овој судски процес беше пример дека е можно, високо рангирани државни функционери да бидат обвинети и да одговараат за висок криминал и корупција. Освен тоа, севкупното времетраење на судската постапка, од моментот на подигање на обвинителниот акт, па сè до правосилната пресуда, беше релативно кратко, односно околу 16 месеци за поранешниот премиер Груевски и другиот обвинет и околу 21 месец за Јанкуловска, поради нејзината бременост и мајчинство.

Во текот на судската постапка против првите двајца обвинети, пред судот сведочеа 27 сведоци, а се изведуваа и материјални докази. Судечкиот совет одлучи, материјалните докази (118 документи за првите двајца обвинети и 121 документ за третата обвинета) да се внесат во записникот со читање, но, само преку внесување на називот на документот, датумот на издавање и неговиот автор, наместо да се чита целата содржина на документот на записник. Ваквиот пристап беше применет како во однос на доказите што ги изведуваше Обвинителството, така и во однос на доказите на одбраната.

На овој начин, на двата судечки совети[39] им се овозможи да ги прифатат сите докази предложени од странките и да ја завршат постапката во еден разумен рок, уверувајќи се при тоа, дека правата на обвинетите ќе бидат целосно заштитени. Одбраната имаше доволно време соодветно да се подготви, имајќи предвид дека сите материјални докази ѝ беа доставени благовремено. Со читање само на насловите на документите, без да се чита целата содржина на истите, одбраната доби информација за конкретните документи врз кои Обвинителството ја заснова својата теорија на случај, така што имаше доволно време за соодветна подготовка.

Судечкиот совет во овој предмет успеа да постигне соодветна рамнотежа помеѓу правото на соодветни услови и можности за подготовка на одбрана и правото на судење во разумен рок, а покажа и дека постапката може брзо да се одвива, без притоа, на било кој начин, да се повредуваат правата на обвинетите.

Таквата рамнотежа треба секогаш да се почитува во кривичните постапки, а начинот на кој судечкиот совет се справи со материјалните докази предложени од двете страни може да послужи како пример за другите кривични совети што би се нашле во слични околности. Навременото споделување на доказите од страна на Обвинителството имаше мошне позитивно влијание врз севкупното одвивање на судската постапка. Во Поглавјето 5 ќе се види дека одлуката, во некои од другите предмети, да се чита целокупната содржина на материјалните докази предложени од странките, имаше значителен негативен ефект врз должината на судските процеси, без некои позитивни придобивки.

Иако од процесен аспект во предметот Тенк се постапуваше на ефикасен начин, аспектот на самото извршување на санкциите предизвика особена загриженост во однос на севкупната ефективност на постапката.[40]

**v) __„Труст“__** – предмет поврзан со процесот за јавна набавка за експлоатација на резервите на јаглен во рудникот во Битола. Двајца бизнисмени, Сеад Кочан и Василије Авировиќ беа осудени за делото „Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство“ според Членот 275-в, став 3 и став 1 од КЗ. Кочан доби затворска казна во времетраење од шест, а Авировиќ од три години. Двете претпријатија во сопственост на обвинетите, кои, исто така беа обвинети, беа осудени за истото кривично дело и им беше изречена парична казна од по два милиони денари, а им беше и забрането да учествуваат во било какви идни постапки за јавни набавки во период од три години. Судот донесе и одлука за одземање имот во сопственост на претпријатијата во вкупен износ од 1.063 милијарди денари. Третиот обвинет Сафет Ватиќ доби ослободителна пресуда. Кочан и Авировиќ ја обжалија пресудата на 11 март 2019 година, по што, Апелациониот суд ја намали затворската казна за Кочан на четири години и осум месеци, а онаа на Авировиќ на условна затворска казна од две години, со пробациски период од пет години. Апелациониот суд ја потврди ослободителната пресуда за Ватиќ.

Во текот на главната расправа, пред судот сведочеа 10 вешти лица, беа преслушувани релевантни снимки од прислушкуваните разговори, а беа изведувани и материјални

39 Имајќи предвид дека на Јанкуловска и се судеше одделно, станува збор за два судечки совети (исти професионални судии, но, различни судии поротници).

40 За повеќе информации во врска со прашањата поврзани со извршувањето на санкциите погледнете го Поглавјето 5.

докази, воглавно преку сведочењето на повиканите вешти лица. Судската постапка заврши во разумен рок, а притоа беа почитувани сите гаранции и законски права на одбраната. Судот утврди дека обвинетите учествувале во тендер за добивање право за ископување јаловина и јаглен од рудникот Суводол во Битола. Нивното учество се засновало врз фалсификувани документи за сопственост на механизација и кадровска екипираност кои ги доставиле до комисијата за избор на најдобар понудувач. Комисијата го доделила тендерот на обвинетите, меѓутоа, таквата одлука била спорна поради фактот што доставената документација до Комисијата била фалсификувана.

Како што понатаму е опишано во Поглавјето 5, овој предмет предизвика посебна загриженост во делот на извршувањето на санкциите.

**vi) „Титаник 2“** – во овој предмет станува збор за шест обвинети кои се гонат за „Противзаконито посредување“ според Членот 359, став 5 во врска со став 4 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според Членот 353, став 5 во врска со став 1, во врска со Членот 22 и Членот 23 од КЗ.

Во овој предмет се работи за наводните тврдења дека обвинетите се договориле да гласаат на одреден начин во рамки на Државната изборна комисија, а во однос на приговор поднесен од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ. На овој случај му се дава голема важност, затоа што извршувањето на ваквите кривични дела се смета за напад врз демократијата. Самиот факт што се фалсификуваат гласовите на граѓаните, во пракса го негира правото за слободно гласање и должноста да се почитува било кој исход од учеството во еден таков демократски процес. Манипулирањето со исходот на било кој процес на гласање ја негира вистинската важност на целокупната демократска процедура: можноста за населението од локалните заедници да ја изберат личноста што ќе ги застапува нивните интереси.

Во текот на истрагата и главната расправа биле откриени одредени незаконски дејствија во текот на изборот на градоначалник во Струмица во 2013 година. Обвинителниот акт што го подигна СЈО беше во целост потврден со конечната пресуда.[41] Првостепениот суд одлучи дека изведените докази од страна на СЈО докажуваат дека дејствијата откриени со прислушкувањето се со криминален карактер. Првостепениот суд оцени дека е докажано дека во март 2013 година, обвинетиот Сашо Мијалков – во тоа време Директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, го искористил своето влијание и побарал од обвинетиот Мендух Тачи, инаку Претседател на политичката партија ДПА да изврши влијание кај претставниците на ДПА во Државната изборна комисија (ДИК) да гласаат за усвојување на приговорот на ВМРО-ДПМНЕ во Струмица, што ќе ѝ оди во прилог на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ.

Постапката на Тачи незаконски му овозможила на кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ да ја продолжи трката во изборниот процес за избор на градоначалник на општина Струмица. Обвинетиот Мендух Тачи го наговарал обвинетиот Бедредин Ибраими, кој бил официјален член на ДИК, да ја искористи својата службена положба и овластување и да гласа за усвојување на приговорот на ВМРО-ДПМНЕ, со цел, нивниот кандидат да може да влезе во вториот круг од изборите. Судот утврди дека обвинетиот Ибраими гласал како што било побарано од него, иако приговорот поднесен од ВМРО-ДПМНЕ не бил законски оправдан.

---

41 Сепак, во декември 2019 година, Апелациониот суд донесе одлука за повторување на судењето.

Последицата од уважувањето на овој приговор било организирањето на втор круг на избори. Следствено, последиците на овие постапки од страна на обвинетиот се исклучително важни, како од аспект на демократските правила, но, исто така, и од аспект на буџетските импликации поврзани со организацијата на втор круг избори.

Првостепениот суд му изрече тригодишна затворска казна на С. Мијалков за сторено кривично дело „Примање награда за противзаконито влијание". Мендух Тачи доби затворска казна во времетраење од три години и два месеци за „Поттикнување",
а членовите на ДИК по три години затвор за кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување", со исклучок на Бедредин Ибраими, кому му беше изречена затворска казна во времетраење од четири години и шест месеци. На барање на СЈО, во очекување на жалбената постапка, судот на С. Мијалков и Б. Ибраими им изрече притвор, како мерка на претпазливост.

Одбраната ја обжали оваа пресуда, тврдејќи дека истата е во спротивност со Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка. Како прво, според одбраната, обвинителот не бил надлежен кривично да го гони овој случај, а обвинителниот акт бил поднесен доцна (после истекот од 18-те месеци предвидени со законот). Дополнително, одбраната тврдеше дека пресудата не ги зема предвид доказите на одбраната, затоа што истата се заснова само врз доказите изведени од страна на Обвинителството.

Одбраната тврдеше дека во првостепената пресуда, фактичката состојба е погрешно утврдена и затоа не се докажани елементите на кривичните дела од обвинителниот акт. Сите обвинети бараа предметот да биде вратен на повторно судење, или пак како друга можност, тие да бидат ослободени од обвинувањата.

Апелациониот суд ја уважи жалбата на одбраната и предметот целосно го врати на повторно судење. Апелациониот суд ги прифати тврдењата на одбраната дека фактичката состојба не била јасно утврдена. Исто така, за четири од шесте обвинети, судот одлучи дека кривичните дела (доколку истите се воопшто извршени) не биле извршени во соизвршителство. Така, за овие обвинети лица, Обвинителството би морало да докаже дека сите тие, независно еден од друг, ги имаат сторено делата за кои се обвинети.

Апелациониот суд ја потенцираше и потребата за споделување со одбраната на севкупниот снимен материјал поврзан со настаните што се предмет на разгледување во обвинителниот акт, наведувајќи дека снимките од прислушкуваните разговори не биле целосно споделени со одбраната, информациите што тие ги содржат не можат да се сметаат за веродостојни за потребите на утврдување на фактичката состојба. Повисокиот суд му даде и напатствија на првостепениот суд, односно да *ја утврди фактичката состојба и околностите под кои се одвивале изборите на изборното место број 1727*[42], повторно да ги разгледа изведените докази, со цел, соодветно да ја утврди фактичката состојба и потоа да утврди, законски, дали обвинетите се виновни или не.

Апелациониот суд остана нем во однос на тврдењето на одбраната дека судење воопшто не требало ниту да има, затоа што обвинението е подигнато по истекот на периодот од 18 месеци предвиден во Законот за СЈО.

42 Пресуда на Апелациониот суд КОКЖ-32/19 од 06.12.2019.

**vii) „Тревник“** – во овој предмет се обвинети три лица за „Бесправно градење“ според Членот 244-а, став 1 од КЗ. Судењето започна на 27 јуни 2018 година и заврши на 4 јули 2019 година, со објавување на пресудата.[43]

Според обвинението, тројцата обвинети изградиле три викендички на земјиште што е во нивна сопственост, без да ги поседуваат неопходните градежни дозволи. Обвинителот беше на мислење дека штом градежните работи започнале пред да бидат обезбедени соодветните овластувања, таквите дејствија можат да се подведат под опфатот на Членот 244-а, став 1 од КЗ, односно кривичното дело „Бесправно градење“.

Одбраната потврди дека градежните работи започнале без неопходните овластувања, тврдејќи дека истото било по вина на Општината, која не ја издала градежната дозвола навреме. Во текот на главната расправа, обвинетите успеаја да докажат дека во тој момент, градбите се легализирани и соодветно регистрирани во општинскиот јавен катастар. Објектите се соодветно пријавени и во однос на плаќањето сметки за јавни услуги, комунални надоместоци и данок на имот.

Првостепениот суд ја објави својата ослободителна пресуда за обвинетите на 4 јули 2019 година, одлучувајќи дека постапките на обвинетите не претставуваат кривично дело. Судот донесе одлука со многу квалитетно образложение, во кое даде внимателна анализа на сите докази од двете страни. Понатаму во пресудата, судот ја објасни донесената одлука преку длабинска анализа на граѓанските прописи што се однесуваат на градежните објекти, во исто време повикувајќи се на една одлука на Уставниот суд, во која е потенцирано дека имотните права се загарантирани со Уставот и како такви треба да бидат соодветно заштитени.

Оттаму, според оценката на Судот, самото започнување со градба без поседување соодветна градежна дозвола не претставува кривично дело, доколку, до завршетокот на градбата бидат обезбедени сите неопходни дозволи. Изградениот објект мора целосно да биде во согласност со добиената дозвола, а самата градежна дозвола мора да биде целосно усогласена со урбанистичките планови на општината во која се одвива изградбата. Освен тоа, новиот објект мора да биде заведен во Агенцијата за катастар на недвижности и мора за него да се плаќаат сите јавни услуги и други даноци и надоместоци.

СЈО ја обжали оваа пресуда.

**viii) „Сопот“** – овој предмет беше преземен од СЈО, согласно неговите овластувања предвидени во Членот 11 од Законот за СЈО.[44] Во овој случај, предмет на истрага е експлозијата на нагазна мина во која загинаа двајца војници на НАТО и еден македонски цивил во 2003 година. Обвинети беа 12 лица за „Тероризам и загрозување на уставниот поредок и безбедноста“ според Членот 313, став 2 од КЗ, во врска со Членот 22 од КЗ. На 10 јули 2017 година, во текот на повторената постапка која се одвиваше пред Основниот кривичен суд Скопје, предметот беше преземен од СЈО. На 19 март 2018 година, СЈО ги отфрли обвиненијата во предметот, наведувајќи дека единствениот доказ против обвинетите е еден исказ на сведок, кој бил обезбеден преку тортура. Оттаму, добиениот исказ претставува недозволен доказ. Откако СЈО го повлече обвинението, Судот донесе

43 Обвинителниот акт беше поднесен против еден добро познат новинар и неговите двајца браќа.

44 Погледнете го Членот 11 од Законот за СЈО.

одбивателна пресуда согласно Членот 402, став 3 од ЗКП, со што случајот беше затворен.

СЈО не соопшти дали некоја друга истрага се бавела со истите овие настани, која би можела да укаже на постоење на некои други обвинети, или пак дали постои можност да се пронајдат нови докази против истите обвинети. Во секој случај, откако Судот донесе одбивателна пресуда, на овие обвинети не може повторно да им се суди за истото дело.

Како што беше споменато и претходно, СЈО ја презема надлежноста над овој случај, постапувајќи по сопствено наоѓање согласно законот. И покрај тоа, во моментот на преземањето, не беше понудено никакво образложение за истото, а дури и сега, по завршувањето на кривичната постапка, причините за преземањето на овој предмет од страна на СЈО и понатаму остануваат нејасни. Членот 11 од Законот не предвидува обврска за СЈО да ги образлага своите одлуки за преземање судски предмети. Сепак, Членот 8 од Законот предвидува обврска за СЈО за редовно информирање на јавноста за работата на обвинителството и напредокот во истрагите.

Количеството и квалитетот на информациите што ќе се споделат со јавноста можат да се разликуваат во зависност од фазата во која се наоѓа истрагата, со цел, да се заштити доверливоста на истата. Сепак, ваквата логика повеќе не може да се примени и на предметот *„Сопот“*, затоа што тој е завршен. Ваквиот недостаток на информации остава доволно простор за претпоставки и може да има негативно влијание врз перцепцијата на јавноста за функционирањето на правосудниот систем. Во конкретниот предмет станува збор за сторено сериозно кривично дело, кое ја шокираше целокупната јавност. Без јасно образложение за причините за преземање на овој предмет, а особено знаејќи дека истиот беше затворен, многу прашања и понатаму остануваат неодговорени.

⌘

Бројот на завршени предмети во периодот додека се реализираше овој проект е многу низок. Од вкупно 20 обвиненија подигнати од СЈО во рамки на законски предвидениот рок, четири предмети се завршени и во жалбена постапка, четири предмети се завршени во првостепена постапка, а за еден се очекува почетокот на повторното судење.[45] Оваа бројка е уште пониска, доколку се земе предвид и фактот дека во еден од овие случаи обвинетиот реши да ја признае вината.

Анализата на овие предмети покажува дека судот одлично ги раководел и постапувал со предметите со мал број обвинети лица.[46] Донесените пресуди во прв и втор степен беа добро напишани, изведените докази од странките беа длабински анализирани, а објавените пресуди содржеа квалитетни образложенија.

Истата оценка важи и за двете пресуди што беа обжалени: Триста и Тревник, но, сепак, единствено одлуката на повисокиот суд всушност ќе покаже дали образложенијата на овие пресуди можат да го минат тестот на апелационата постапка.

---

45 Целосно завршени: *Труст, Тенк, Тифани, Тврдина 2*; предмети за кои е завршена првостепената постапка: *Тврдина 2* (за Груевски), *Тревник, Тарифа, Триста* (првостепената постапка е завршена и за повтореното судење), а се очекува повторено судење за предметот *Титаник 2*.

46 Во *Тврдина 2* имаше 7 сообвинети лица, меѓутоа, само двајца од нив ја обжалија првостепената пресуда. Во останатите предмети имаше по најмногу тројца обвинети лица.

Во овие завршени предмети, Судот се одлучи да ги чита само насловите, датумите и авторите на документите што беа изведувани како докази, наместо во текот на судската расправа да се чита целокупната содржина на документот. Претседателите на судечките совети во овие предмети знаеа на кој начин да ја постигнат вистинската рамнотежа помеѓу ефикасноста на постапката, потребата за брзо одвивање на судењето и обврската за соодветна заштита на обвинетите и почитување на нивните права.

Уште едно прашање кое излезе на површина е дека во текот на овие судски процеси, првостепениот суд избегнуваше да ги започнува судењата повторно од почеток, заради истекувањето на крајниот рок од 90 дена помеѓу закажаните рочишта, како што тоа е предвидено со ЗКП. Овој фактор, исто така, имаше голем придонес за завршување на овие судски постапки во разумен рок.

# ПОГЛАВЈЕ 5

## Анализа на конкретни прашања

Набљудувањето што го вршеше Мисијата на ОБСЕ во Скопје укажува, генерално, дека Судот е сосема свесен за правата на одбраната и потребата да се обезбеди еднаквост на оружјето помеѓу странките. Барањата на одбраната се разгледуваат со должно внимание и кога истите се оправдани и потребни за соодветно одвивање на судската постапка, истите се уважуваат. Голем е бројот на сведоци на одбраната (меѓу нив и вешти лица) кои даваа свои искази пред судот. Одбраната во овие предмети, исто така, беше и во можност да изведува различни документи во поддршка на своите тврдења и наводи.

Во речиси сите набљудувани судења беа идентификувани два процесни аспекти: одложувања на расправите и повторно започнување на судењата како резултат на таквите одложувања; како и изведувањето на материјалните докази, што во многу случаи претставуваше долг процес, кој бара многу време. Во овој дел, Судот мора да биде внимателен и да ја пронајде вистинската рамнотежа помеѓу два интереси, што не е секогаш лесно да се постигне. Имено, потребата да се обезбеди брзо и ефикасно одвивање на постапката, затоа што кривичните судења треба да траат што е можно пократко и правото на одбраната да даде сопствен коментар за сите предложени докази од страна на обвинителството, со цел, на подобар начин да ја презентира сопствената стратегија.

Во претходните извештаи беа дадени повеќе препораки за различните чинители што учествуваат во кривичните постапки. Овој дел од извештајот разгледува дали предложените препораки во тие извештаи сè уште би можеле да се сметаат за релевантни, а ги анализира и посочените прашања од набљудувачите во текот на изминатите 13 месеци.

## Транспарентност

Една од препораките од Првиот преоден извештај[47] беше советот упатен до СЈО да обезбеди целосна транспарентност во неговото работење, како во однос на предметите што ги иницира, така и во однос на предметите што ги презема од ЈО. За жал, како што беше посочено и погоре во текстот,[48] оваа препорака не беше секогаш почитувана. Концептот на новите истраги што ги отвораше СЈО не беше доволно јасен, односно не се знаеше која е очекуваната судбина на истите; постои одредена доза на несигурност што ќе се случи понатаму со овие истраги и дали воопшто, во некој од тие случаи, ќе бидат подигнати обвиненија.[49]

---

47 Погледнете го *Првиот преоден извештај,* достапен на следнава интернет адреса https://www.osce.org/mission-to-skopje.

48 Погледнето го Поглавјето IV.

49 Имајќи предвид дека Членот 8 од Законот за СЈО предвидува информирање на јавноста и транспарентност во неговото работење.

Во однос на трите предмети[50] што СЈО ги презема од ЈО, сè уште постојат одредени нејаснотии во врска со причините поради кои СЈО одлучи да ја преземе надлежноста за тие предмети. Во текот на набљудувањето на главните расправи и досега изведените докази пред судечките совети, само во еден предмет *(Монструм)* беа појаснети причините за преземањето на овие предмети (постоењето на снимки од прислушкувани разговори поврзани со случајот). СЈО ги предложи ваквите снимки како докази, а дали истите се релевантни или не, ќе се дознае дури на крајот на судската постапка. Откако обвинителството ги изведе прислушкуваните снимки како докази пред судечкиот совет, при носењето на конечната одлука, останува на Судот да ја оцени тежината и важноста на овие снимки и да утврди дали истите ја докажуваат вината или помагаат за потврдување на невиноста на обвинетите.

Во другите два предмета, *Маѓар Телеком* и *Шпион*, следењето на главните расправи не понуди никакви индикации, во однос на можните причини поради кои СЈО се одлучи да ја преземе надлежноста над нив. Овој недостаток на транспарентност има негативно влијание врз перцепцијата на јавноста за правосудниот систем, како и за степенот на владеење на правото во земјата.

# Споделување и изведување на доказите

Во Вториот преоден извештај,[51] на СЈО му се препорачува *да обезбеди навремено и сеопфатно споделување на доказите* и *прецизен избор на доказите што ќе се изведуваат во текот на главната расправа, како и подобрување на презентациските вештини на обвинителите во судница.* Од она што можевме да го забележиме во текот на 13-те месеци додека вршевме набљудување на судењата, се чини дека овие препораки се сè уште валидни.

Од аспект на ефикасноста и разумното времетраење на судењата, од исклучителна важност е одбраната рано да добие увид во доказите, со цел, да подготви логична стратегија од значење. Подеднакво важно е надлежниот обвинител да поседува стратегија и да знае да ги одбере доказите што ќе ги изведува во текот на доказната постапка, како и начинот на кој истите ќе ги презентира пред судот. Исто така, важно е обвинителот извонредно да го познава целиот случај, вклучувајќи ги и елементите на кривичното дело кое треба да го докаже во текот на главната расправа.

Набљудувачите од Мисијата забележаа дека странките во предметите на СЈО не се обидуваа да се договорат за постоењето на одредени неспорни факти во текот на судењата, така што доказната постапка да може да се сконцентрира само врз спорните прашања. Ќе беше полезно доколку се организираа подготвителни рочишта, во текот на кои, би можело да се разговара за евентуалните факти и околности што одбраната не ги спори, при што судот би можел да ја забележи ваквата согласност помеѓу странките.

Таквиот претходен договор помеѓу странките можеше да има значително влијание врз начинот на кој се одвиваа судењата и врз квантитетот на изведуваните докази пред судечките совети, што пак позитивно ќе влијаеше и на должината на судските процеси.

---

50 Првично, СЈО презема четири предмети, меѓутоа, во меѓувреме еден од нив доби судска разрешница *(Сопот).*

51 Погледнете го *Вториот преоден извештај*, достапен на следнава интернет адреса https://www.osce.org/mission-to-skopje.

Раниот пристап (или отсуството на истото) до доказите, како и начинот на кој доказите се изведуваат во текот на судењата, можат да имаат значителен ефект врз должината на судската постапка. Фактот, што сите тековни судења во прв степен (четиринаесет предмети), се соочија со значителни проблеми во однос на изведувањето на доказите пред судот не е случаен.

Се чини дека овие проблеми создаваат еден магичен круг: доказите не се споделуваат или пак тоа се прави доцна, и потоа надлежниот обвинител мора всушност целосно да го изведува пред Судот целокупниот материјал што е предложен како доказ, за одбраната да може да се произнесе по истиот. На овој начин се одолговлекува судењето и се создава сериозен ризик од евентуална повреда на правото на судење во разумен рок, без притоа да се гарантира правото на соодветна одбрана. Со читањето на таквите документи во целост во текот на расправите, не се гарантира дека одбраната ќе ги прифати доказите што постојат против обвинетиот, ниту пак може да се тврди дека судечкиот совет ќе посвети поголемо внимание на тие документи при носењето на одлуката, доколку истите бидат читани во текот на главната расправа. Единствениот излез од овој магичен круг е преку подобра подготовка за фазата на главната расправа, како и преку навремено споделување на доказите и добра стратегија на Обвинителството за конкретниот случај.

Во предметите на СЈО, Обвинителството ги достави сите материјални докази до одбраната, освен снимките од прислушкуваните разговори. Фактот, што снимките не беа споделувани ја предизвика одбраната постојано да инсистира, сите аудио материјали да се слушаат во текот на расправите. Ова доведе до долги судски процеси, без целосна заштита на правата на одбраната. Во продолжение на текстот го анализираме прашањето на споделување на доказите и практичните последици од истото во текот на судските расправи.

Што се однесува до обврските за споделување на доказите, во Членот 302 од ЗКП е предвидена обврската на Обвинителството да го информира осомниченото лице дека истрагата што се водела против него е завршена и дека тој или неговиот законски бранител имаат право да извршат увид во предметните списи и докази и да составуваат „препис".[52] Истиот член предвидува и обврска за обвинителот кој „е должен да го запознае[53] обвинетиот со доказите што во истражната постапка ги прибавил против него, како и да му ги открие доказите за кои дознал, а кои можат да бидат од полза за одбраната".[54] Оваа одредба се применува пред поднесувањето на обвинителниот акт.

Согласно терминологијата што се користи во ЗКП, обвинетиот и неговиот адвокат имаат право да составуваат препис од списите и доказите на Обвинителството.[55] Меѓутоа, во Коментарот на ЗКП, се посочува дека ваквиот *„препис"* треба всушност да значи дозвола да се прават копии внатре во канцелариите на Обвинителството.[56]

---

52 Погледнете го Членот 302, став 3 од ЗКП.

53 Со посебен акцент.

54 Погледнете го Членот 302, став 5 од ЗКП.

55 Во ЗКП е употребен зборот „препис", кој буквално значи „транскрипт".

56 Во текстот на Коментарот, ***„употребениот збор „препис" е несоодветен и треба да се толкува пошироко, така што на осомничениот треба да му се дозволи да направи копија од доказите, без разлика на формата во која тие се наоѓаат"***, погледнете стр. 663 од „Коментар на Законот за кривична постапка", Г. Калајџиев, Г. Лажетиќ, Л. Неделкова, М. Денковска, М. Тромбева, Т. Витларов, П. Јанкуловска, Д. Кадиев, ОБСЕ 2018 година, Скопје.

Имајќи ја предвид чувствителноста на информациите што се чуваат во една јавно обвинителска канцеларија, не е препорачливо целиот судски предмет да се изнесува надвор од Обвинителството. Оттаму, најочигледното решение би било, самото Обвинителство да изработи копии за потребите на одбраната.

Општите правила во однос на достапност на предметните списи се регулирани во Членовите 70 и 79 од ЗКП. Членот 70 од ЗКП ги дефинира правата на обвинетиот во текот на целата кривична постапка, започнувајќи од отворањето на истрагата, па сѐ до донесувањето на конечната пресуда. Едно од тие права е и „имањето увид во списите“[57], како и правото на „запознавање“[58] со доказите против и во корист на обвинетиот.

Членот 70 од ЗКП говори за правото на адвокатот на одбраната да оствари увид во списите и да добие копии од одредени документи што се наоѓаат во предметните списи на обвинителството[59], а ја утврдува и обврската на обвинителот, со одбраната да ги сподели доказите што ги има собрано. Тоа мора да се стори пред поднесувањето на обвинителниот акт. Одбраната секогаш има право да оствари увид во списите, а во одредени ситуации има можност и да побара копии од конкретни документи. Постојат значителни разлики помеѓу „споделување“ и „увид во списите“. Обвинетиот и неговиот бранител треба физички кај себе да ги имаат доказите што биле обезбедени во текот на истрагата, со цел да ја подготват својата одбрана. Постоењето можност за запознавање со содржината на списите не е доволно за обезбедување соодветна одбрана.

На меѓународно ниво, ЕСЧП нема дефинирано некаков стандард за тоа, како и кога треба да се споделат доказите. Судот многу повеќе се бави со прашањето, како и дали на одбраната ѝ било овозможено да подготви квалитетна одбрана. Квалитетната одбрана е можна само доколку на бранителот му се обезбедат доволно време и можности. ЕСЧП има утврдено широко толкување на зборот ,,можности” и се смета дека под овој термин се подразбира *,,можноста, за целите на подготовка на одбраната, за негово или нејзино запознавање со резултатите од истрагите спроведени во текот на целата постапка”*.[60]

Преку својата судска пракса, Европскиот суд и понатаму го развива начелото на *,,еднаквост на оружјето”*, како израз на правото на фер и правично судење, загарантирано со Членот 6, став 1 од ЕКЧП. Ова начело подразбира дека на секоја страна мора да ѝ се обезбеди разумна можност да ги презентира своите аргументи под услови кои нема да ја стават во значително подредена позиција во споредба со спротивставената страна.[61]

Оттаму, начелото на ,,еднаквост на оружјето” значи дека обете страни се наоѓаат во иста положба. Обвинителот, како иницијатор и бранител на обвинението, постојано ги има доказите на сопствено располагање и затоа има доволно време да се подготви пред судот да го застапува обвинението. Следствено, за правилна примена на ова начело, на почетокот на судската постапка, исто така, одбраната треба да ги поседува сите докази што му се на располагање на обвинителството.

---

57 Погледнете го Членот 70, став 2 од ЗКП.

58 Истиот извор од фуснота 56.

59 Погледнете го Членот 79, став 2 од ЗКП.

60 Џеспер против Белгија (Jesper vs.Belgium), тужба број 84/03/78.

61 Погледнете ја пресудата во предметот Нидерост-Хубер против Швајцарија (Niderost-Huber vs Switzerland), тужба број 18990/91, став 23.

Некои од судовите надвор од Скопје, во нивните обиди за примена на ваквите упатства што потекнуваат од Стразбур, почнаа на одбраната да ѝ доставуваат и копии од списите заедно со обвинителниот акт, откако истиот ќе биде поднесен во Судот.[62] Ова е мошне добра пракса и проширувањето на истата низ сите судови во Република Северна Македонија би било одличен начин за подобрување на правосудниот систем во целина. Сепак, таквата обврска веројатно би требало да му припадне на Обвинителството, а не на судовите, затоа што Обвинителството е иницијатор на истрагата и застапник на обвинението.

Во тековните предмети на СЈО, судовите бараа од надлежните обвинители делумно или во целост да ги читаат релевантните делови од содржината на материјалните докази што ги изведуваат во случаите кога одбраната не се согласуваше таквите документи директно да се внесуваат на записник како изведени докази.

Ваквите барања, одбраната ги правдаше со правото што го има да биде запознаена со содржината на доказите против обвинетите. Генерално, судовите ги уважуваа овие барања како израз на нивната улога во заштитата на еднаквоста на оружјето на странките во постапката. Резултат на ваквата пракса беа исклучително долгите судења, без некоја посебна придобивка за одбраната.

Исто така, мора да се потенцира дека во сите предмети на СЈО, одбраната ги доби сите докази, освен снимките од прислушкуваните разговори. Не беше понудено валидно објаснувањеј за причините поради кои снимките не се споделуваа со одбраната. На одбраната беше понудена можноста, по сопствено наоѓање, да врши преслушување на овие материјали во судските згради. Во предметите каде бројот на снимени телефонски разговори е многу голем, ваквата пракса на преслушување на снимените разговори во судот не може да се смета за ,,*адекватна можност*” според стандардите на ЕСЧП.

Како што беше спомнато погоре во текстот, квалитетната одбрана бара доволно време и можности, а тоа би значело дека одбраната треба да располага со материјалните докази во исто време кога истите ќе бидат доставени и до судот. Читањето на таквите документи во целост за време на судската расправа не претставува соодветен начин за одбраната да ги прифати и признае доказите против обвинетиот. Нема потврда ниту на евентуалното тврдење дека судот би посветил поголемо внимание на тие документи при носењето на крајната одлука, доколку истите се читаат во текот на главната расправа.

Изведувањето на материјалните докази станува уште попроблематично во оние случаи кога судската постапка мора да започне повторно од почеток.[63] Во голем број од овие случаи, одбраната се согласи претходно дадените искази на сведоците директно да се внесат во записниците, меѓутоа, инсистираше материјалните докази повторно во целост да се читаат во судница на записник. Наместо да се обидува да обезбеди најбрза судска разрешница за своите клиенти, се чини дека во овие предмети одбраната се обидува што повеќе да го одложи завршетокот на судската постапка.

---

62 Во неформална комуникација со одредени судии од различни судови, добивме неофицијални информации дека во некои судови ваквата пракса полека заживува, но сепак влијание има обемот на списите и капацитетите на конкретниот суд..

63 Како што беше посочено повеќе пати во овој извештај, судењата започнуваа повторно од почеток поради изминување на законски предвидениот рок (повеќе од 90 дена од одржувањето на последната расправа) или пак во неколку случаи, поради измени во составот на судечкиот совет.

Во многу од овие предмети, барањето на одбраната за повторно читање на материјалните докази значеше дека сите учесници во судската постапка (судечкиот совет, обвинителите, одбраната и јавноста) мораа со часови да седат во судниците и да гледаат видео снимки[64] од расправите одржани пред почетокот на повтореното судење, во текот на кои Обвинителството ги чита материјалните докази[65]. Не е јасно, на кој начин, овие долги повторувања можат да придонесат кон утврдувањето на материјалната вистина и заштитата на правата на обвинетите лица.

Се чини дека начинот на кој се одвиваа судењата, во голема мерка ја намалува улогата на сведоците. Како што беше претходно посочено, во некои од предметите кои започнуваа од почеток, странките беа согласни да не ги повикуваат сведоците по втор пат, додека материјалните докази повторно се внесуваа на записник. Иако одвивањето на кривичните судски постапки е предмет и на одредена доза на дискреција, сведоците се важна алатка за докажување на теоријата на случајот на странките. Судечкиот совет ја носи конечната одлукай врз основа на исказите на сведоците. Секој судија самостојно одлучува дали ќе даде верба на приказната што ја раскажува сведокот, преку директниот контакт што судијата го има со него или со неа во текот на нивното сведочење пред судот. Однесувањето на сведокот во текот на давањето исказ може да каже подеднакво многу, како и самите изговорени зборови.

Методата на изведување материјални докази во текот на главната расправа, како што беше веќе посочено, непотребно ја одолговлекува постапката, без притоа да се гарантира почитувањето на начелото за еднаквост на оружјето и истата е резултат на рестриктивното толкување на одредбите содржани во Членот 392, став 4 од ЗКП, каде е наведено дека материјалните докази *се читаат ако странките поинаку не се договорат*. Коментарот на ЗКП кој се однесува на овој член посочува дека *Сосема е погрешна практиката на странките да го препуштат на судот изведувањето на овие докази – читање на писмените докази, репродуцирање на електронски докази, снимки, материјални докази*. [66]

Во Коментарот се потенцира и потребата, странките да го објаснат значењето на конкретниот доказ што го изведуваат, нагласувајќи го конкретниот елемент од обвинението, кој се обидуваат да го докажат или негираат со тој конкретен доказ. Во Коментарот тоа е нагласено со следниов текст: [… ] *судот не може да знае подобро од странките кој факт се докажува со одреден материјален доказ, или пак на кој дел од некој доказ треба да му се посвети посебно внимание*.[67]

Правењето избор на релевантните делови од документацијата што се изведува како материјален доказ, со јасен индикатор за делот од обвинението што се докажува со тој документ, би претставувал подобар начин на изведување на доказите во текот на еден судски процес. На тој начин би се обезбедила презентација на доказите пред Судот; одбраната би знаела врз кои докази обвинителството го заснова својот случај, а целокупниот процес не би одземал премногу време. Исто така, странките не беа многу успешни во користењето на сведоците за потребите на изведување материјални докази

---

64 Сите судски расправи се снимаат (слика и тон) како што тоа е предвидено во Членот 374, став 1 од ЗКП, па така Судот едноставно може да ги репродуцира старите видео снимки.

65 На пример, ова се случи во предметот *Трезор*

66 Погледнете го Коментарот на ЗКП, страна 805.

67 Истиот извор, фуснота 66

пред судот. Сведок е лице кое поседува директни информации во врска со одредени факти и околности и/или евентуална вмешаност на обвинетиот во настаните кои довеле до извршување на кривичното дело. Генерално, еден сведок може да има и информации во однос на постоењето, создавањето и употребата на одредени материјални докази.

Изведувањето на материјалните докази паралелно и преку сведочењето на сведоците би го намалило времето што се користи за нивно читање, а на судиите би им го олеснило следењето на сценариото што се презентира. На тој начин, судот истовремено ќе ги добие изјавите на сведоците и материјалните докази кои се спомнуваат во текот на сведочењето. Не е јасно зошто, судечките совети во голем број од предметите на СЈО се одлучија доказната постапка да ја започнат со изведување на материјалните докази (вклучувајќи ги и телефонските разговори), наместо со сослушување на сведоците.

Изведувањето на материјалните докази пред земањето искази од сведоците создава уште една неповолност. Во текот на набљудувањето на судските процеси, забележавме дека некои од расправите се откажуваат поради отсуство на сведоците. Во такви околности, судот може да ја искористи веќе закажаната расправа за изведување на некои од материјалните докази предложени од странките. На тој начин се спасува расправата, судската постапка се одвива понатаму и најважно, во голема мерка се намалува ризикот од евентуалната потреба судењето да се почнува целосно од почеток, поради долгите паузи помеѓу одржаните расправи. Меѓутоа, имајќи предвид дека материјалните докази се изведуваат на почетокот на доказната постапка, ваквиот пристап не можеше да се примени во предметите на СЈО.

Уште една слабост, идентификувана во претходниот извештај е фактот што странките не вршат претходна селекција на собраните докази, што е особено точно за Обвинителството. Обвинителството изведуваше огромен број документи со читање и на судот му предлагаше да се преслушуваат голем број снимени телефонски разговори, без јасно да посочи кои тврдења од обвинението всушност се докажуваат со тие докази. Во таа смисла, најдобрата практика би била, надлежниот обвинител претходно да направи избор на најрепрезентативните докази, како во однос на исказите на сведоците, така и во однос на материјалните докази, и потоа само нив да ги изведува пред Судот.

Во согласност со одредбите на ЗКП, изборот на доказите треба да е веќе завршен во моментот на поднесување на обвинението. Членот 321, став 2 од ЗКП јасно посочува дека во прилог на обвинителниот акт треба да се доставаат и сите *материјални докази, записниците и снимките од испитувањето на лица, како и листа на докази кои обвинителот предлага да се изведат на главната расправа*[68]. Обвинителот нема обврска до Судот да ги достави сите предметни списи од истрагата, туку само доказите на кои ќе се повикува, со цел, да обезбеди осудителна пресуда. Сепак, во националната судска пракса, се чини дека зборовите ,,листа на докази” се толкуваат многу опширно и смета дека треба да се вклучат и сите наредби и налози, за судот и одбраната да можат да оценат дали презентираните докази биле обезбедени на законит начин.[69] Без разлика на сето ова, ваквата обврска не би требало да го спречи надлежниот обвинител да направи претходна селекција на доказите за кои смета дека со сигурност ќе му обезбедат осудителна пресуда на крајот од судењето.

---

68 Погледнете го Членот 321 од ЗКП.

69 Погледнете го Коментарот на ЗКП, страни 688 до 689.

Во некои други правосудни системи, заедно со обвинението, обвинителите имаат обврска до судот да ги достават и сите материјали од истрагата. Меѓутоа, во Република Северна Македонија ситуацијата е поинаква. Обвинителот е должен да направи избор од сите материјали што биле собрани во текот на истрагата и да утврди какви докази се потребни за обезбедување осудителна пресуда. Сепак, од набљудуваните судски процеси, јасно е дека во голем број од предметите на СЈО не е правена ваква селекција, или пак не е направена соодветно и затоа во текот на доказните постапки се изведуваат огромни количества докази, за кои не секогаш има потреба.

На пример, во еден од предметите, во судница се преслушуваа повеќе од 1.000 снимки од телефонски разговори. Иако овој извештај нема намера да дава оценки за содржината и можниот исход на било кој од предметите што се предмет на нашата анализа, сепак, тешко е да се поверува дека навистина, сите овие 1.000 разговори се значајни и релевантни за обвинението што го застапува надлежниот обвинител.

Во такви околности, обвинителот требал до судот да ги достави сите списи и материјали од истрагата, меѓутоа, во судница да ги репродуцира само оние снимки од разговорите со кои се докажува некој конкретен елемент од обвинението.

Проблемот со прислушкуваните разговори (вклучувајќи ги и кратките пораки) што се преслушуваа (или читаа) во текот на судските расправи претставува многу добар пример за илустрација на јасната разлика што обвинителот треба да ја направи помеѓу севкупноста на материјалите собрани во текот на една истрага и обезбедените докази. Севкупноста на преземените истражни постапки се одразува во севкупноста на предметните списи и материјали од истрагата. Докази се само оние информации, документи или сведоци, кои можат да го докажат постоењето на кривично правниот настан и вината на обвинетиот. Обвинителството треба до судот да ги достави сите списи и материјали од истрагата, а во текот на доказната постапка да ги изведува само доказите што одат во прилог на обвинението и обезбедуваат сигурна осуда.

Слично на претходното, набљудувачите забележаа дека странките повикуваа и сведоци, за кои навистина и немаше потреба да сведочат за целите на судската постапка. Кога постои било каков сомнеж, се чини дека општо прифатената метода е да се изведуваат повеќе наспроти помалку докази, без разлика на нивното суштинско значење.

Во обид да се дадат неколку примери, се посочува случајот во кој Обвинителството изведуваше уплатници како материјални докази, тврдејќи дека истите се фалсификат, а изведуваше и уплатници пополнети од обвинетите, кои признаа дека ги вршеле уплатите, без постоење на било какви други докази што би можеле да потврдат дека нивните уплати се исто така лажни. Очигледно станувaше збор за грешка при подготовката на комплетот документи што ќе се презентираат пред судот, меѓутоа, истата остави впечаток на немарност на Обвинителството.[70]

Во истиот предмет (со 21 обвинети), обвинителот пред судот изведуваше 1.000 снимки од телефонски разговори, без да даде било какво објаснување за тоа, кои елементи од обвинението се докажуваат преку нив или пак зошто истите се важни. Обвинителот не го објасни ниту начинот на кој овие снимки се поврзани меѓусебно, или пак со останатите изведени материјални докази. Отсуството на било какво објаснување не придонесува кон развојот на теоријата на случајот на обвинителството, ниту пак помага за логична презентација на евентуалната поврзаност меѓу различните докази.

70 Предмет *Титаник 1.*

Во овој предмет, исто така, во текот на расправите, обвинителот изведуваше огромен број документи (околу 6.000). Освен тоа, обвинителот имаше предложено и околу 190 сведоци. Во овој конкретен случај, од почетокот на судската постапка на 9 мај 2018 година, до моментот на изработка на овој извештај, се одржаа повеќе од 60 судски расправи. Сепак, како резултат на огромното количество изведени докази, барем во блиската иднина, не е можно да се очекува брз завршеток на главната расправа во овој предмет.[71] Се разбира, во овие ситуации, Претседателот на судечкиот совет требало да интервенира и да го одбие прифаќањето на докази кои не се од корист за докажување на наводите во обвинението. Членот 385, став 3 од ЗКП му дава овластување на Претседателот на судечкиот совет да ги одбие доказите за кои смета дека се непотребни.[72] Сепак, во судењата по предметите во надлежност на СЈО, претседателите на судечките совети многу ретко го користеа ваквото овластување и дозволуваа изведување на излишни докази.

Претседателот на судечкиот совет има овластување и да одбие предложени докази, кога за истите верува дека не се релевантни за предметот. Доказите се сметаат за ирелевантни кога на ниту еден начин не помагаат во процесот на одлучување, односно кога *не постои поврзаност меѓу фактите што треба да се утврдат и решавачките факти*.[73] Така, Претседателот на судечкиот совет или судијата поединец има можност да го насочува и контролира изведувањето на доказите што навистина се неопходни за главната расправа. За жал, набљудувањето на предметите на СЈО остава впечаток дека судиите во овие судења сосема малку, или воопшто не ја користат оваа законска одредба.

Во еден предмет, одбраната предложи листа со речиси 200 сведоци. Иако вкупниот број можеби и би можел да се оправда со големиот број на обвинети во случајот (21), сепак, тешко е да се замислат фактите и околностите за кои овие лица би можеле да сведочат на начин, на кој би било можно да се избегне повторување на нешто што претходно веќе било кажано од друг сведок. Ќе беше многу покорисно, доколку судот во овој случај се потрудеше да обезбеди сведочење само на оние сведоци чии искази се од клучно значење и важност. Во текот на судската постапка, Претседателот на судечкиот совет, исто така, можеше да одбие и некои од доказите кои претходно беа дозволени согласно одредбите од Членот 385, став 1 од ЗКП, кој наложува обврска за Претседателот на судечкиот совет да води сметка за *ефикасноста и економичноста на постапката*.[74]

Во еден друг предмет, во текот на доказната постапка се изведуваа повеќе од 600 кратки текстуални пораки што биле разменувани помеѓу обвинетите, или пак помеѓу обвинетите и други лица што не се поврзани со постапката. На истото судење, во судница беа преслушувани повеќе од 200 снимени разговори. Некои од материјалните докази се изведуваа со нивно читање во целост, а некои со читање само на релевантните делови. Би било тешко да се поверува, дека само преку изведувањето на сите овие разговори како докази (аудио снимки и кратки текстуални пораки), Обвинителството би било во можност да ги докаже наводите во обвинението. Ако Претседателот на судечкиот совет

---

71 Предмет *Титаник 1.*

72 Членот 385, став 3 гласи: ,,Претседателот на советот, ќе одбие изведување на доказ за кој смета дека е непотребен и без значење за предметот и за тоа ќе даде кратко образложение”.

73 Член 347, став 1, алинеја 3 од ЗКП.

74 Погледнете го Членот 385, став 1 од ЗКП.

превземеше проактивна улога, ќе можеше да обезбеди изведување на една покуса листа со материјални докази и нивно читање во судница, без притоа да ја загрози позицијата на обвинителството.

Во истиот предмет, обвинителот предложи како докази да бидат изведени нацрт закон и конечната верзија на текстот на истиот закон. Претседателот на судечкиот совет, повикувајќи се на неговите законски овластувања, можеше да го спречи изведувањето на таквите текстови, затоа што еден закон и неговиот текст не можат да се сметаат за доказ, а неговата нацрт верзија уште помалку.[75]

# Одложувања

Во претходниот извештај се анализираше прашањето на прекини и одложување на расправите.[76] Беше дадено и детално објаснување за разликата меѓу нив. Тука, само накратко се потсетува дека ,,прекинот на расправата" го следи природниот тек на главната расправа. Истиот се користи (речиси) во сите оние ситуации кога главната расправа не е завршена во текот на едно рочиште. Оттаму, на крајот на секој работен ден или доколку има потреба од обезбедување нови докази за што не е потребно долго време, судот објавува прекин на расправата.[77]

Од друга страна, одложувањето се случува кога расправата, од најразлични причини, не може да се одржи. Кога ќе се донесе одлука за одложување, тоа значи дека конкретната расправа не се одржала и законски предвидениот рок од 90 дена помеѓу одржаните рочишта продолжува да тече и да се смета од последната одржана расправа, со што, автоматски, судењето се одолговлекува.[78] Доколку, поради различни причини, не можат да се одржат неколку последователни расправи, тогаш постои опасност да истече рокот од 90 дена и да се јави потреба од повторно започнување на судењето од почеток, со што се одолговлекува постапката и се повредува правото на судење во разумен рок.

Од вкупно 338 расправи што беа предмет на набљудување во временскиот период помеѓу 1 декември 2018 и 15 јануари 2020 година, не сметајќи ги расправите за предметите што беа преземени од ЈО, предметите вратени на повторно судење и одвоените постапки во одреден број предмети[79], одложени беа 114. Оттаму, стапката на одложување изнесува 34%, односно речиси е иста со онаа што беше идентификувана во рамки на Вториот преоден извештај од 33%.

Фактот што судовите закажаа (или се обидуваа да закажат) повеќе расправи во текот на 13 - месечниот период опфатен со овој извештај, со цел, да ги завршат предметите претставува многу добар знак. Генерално, својата обврска за обезбедување правична и брза разврска на кривичните предмети, судовите ја сфатија мошне сериозно. Меѓутоа, истото не може секојпат да се каже и за одбраната.

Главните причини за одложување на расправите во текот на временскиот период опфатен со овој извештај се следниве:

---

75 Во предметот *Траекторија*, во текот на судската расправа одржана на 4 април 2019 година.

76 Погледнете ја страна 19 и понатамошниот текст од *Вториот преоден извештај* (во англиската верзија).

77 Погледнете го и Членот 372 став 1, од ЗКП.

78 Погледнете ги членовите 370 и 371 од ЗКП.

79 *Шпион* (одвоена постапка); Центар (одвоени постапки за Митко Пецев и Димче Крстев); повторените судења за *Тврдина 2* и *Триста (300)*.

1. Отсуство на најмалку еден од обвинетите **(30 пати)**;
2. Отсуство на судија или судија поротник или измени во составот на судечкиот совет **(22 пати)**;
3. Други причини, кои вклучуваат и разни надворешни случувања што не се директно поврзани со постапката, вештаци кои не се подготвени да сведочат, технички проблеми со опремата за аудио и визуелно снимање или со АКМИС системот, обезбедување доволно време за подготовка на одбраната во случај на правни застапници поставени по службена должност и слично **(22 пати)**
4. Отсуство на сведок или вештак **(12 пати)**
5. Преклопување на расправите или закажување на најмалку две расправи истовремено со учество на истите странки во постапките **(11 пати);**
6. Отсуство или промена на адвокатот на одбраната **(8 пати)**;
7. Процесни прашања, како на пример декласификација на документи, обезбедување стручно мислење од вешти лица, дополнителни докази и/или сведоци, обвинети кои не се спроведени од притвор **(6 пати)**
8. Отсуство на Обвинителот **(3 пати)**.

Имајќи предвид дека расправите за предметот *ТНТ* на СЈО беа закажувани на редовна основа, започнувајќи од втората половина на декември 2019 година, па сè до крајот на периодот на известување, неколку други судски процеси кои се одвиваа пред делумно или целосно исти судечки совети и/или ги имаа истите обвинети или адвокати на одбраната, мораа да бидат одложувани или откажувани, а меѓу нив и расправите во предметите *Монструм, Траекторија, Титаник 1, Топлик, Талир* и *Талир 2.*

# Одложување на судските расправи во периодот од 1 декември 2018 до 15 јануари 2020 година

Вкупен број расправи (во прв степен): 338

Број на одложени расправи: 114

Стапка на одложување на расправите: 34%



Стапка на одложени расправи по поединечни судски предмети:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. **Титаник 1** | 36% | 10. **Тендери** | 33% |
| 2. **Титаник 2** | 22% | 11. **Тарифа** | 24% |
| 3. **Титаник 3** | 31% | 12. **Тотал** | 53% |
| 4. **Тортура** | 22% | 13. **Тревник** | 13% |
| 5. **Таргет - Тврдина** | 25% | 14. **Траекторија** | 32% |
| 6. **Транспортер** | 19% | 15. **Талир** | 93% |
| 7. **ТНТ** | 39% | 16. **Талир 2** | 75% |
| 8. **Трезор** | 6% | 17. **Центар** | 35% |
| 9. **Топлик** | 50% | | |

**Причини за одложување на расправите**




| | |
|---|---|
| **1. Отсуство на најмалку еден од обвинетите** | 26% |
| **2. Процесни причини** | 5% |
| **3. Отсуство на судијата/промени во составот на судечкиот совет** | 19% |
| **4. Отсуство на бранителот / промена на адвокатот на одбраната** | 7% |
| **5. Преклопување на расправите за други предмети** | 10% |
| **6. Отсуство на сведок или вештак** | 11% |
| **7. Друго** | 19% |
| **8. Отсуство на Обвинителот** | 3% |

# Одложување на расправите – Предмети преземени од ЈО

Од вкупно 52 судски расправи што беа предмет на набљудување во периодот од 1 декември 2018 до 15 јануари 2020 година **за предметите што беа преземени од ЈО, не вклучувајќи ги и одвоените постапки**[80], 14 беа одложени. Според тоа, стапката на одложување на расправите беше 27%.

80 *Шпион* (одвоена постапка).

Главните причини за одложувањето на расправите во овие предмети беа:

1. Отсуство на повиканите сведоци — **седум пати**
2. Отсуство на судија или судија поротник или пак промена во составот на судскиот совет — **четири пати**
3. Отсуство на најмалку еден од обвинетите — **два пати**
4. Други причини — **еднаш**




Стапка на одложување на расправите по предмети:

| | |
|---|---|
| **1. Маѓар Телеком** | 50% |
| **2. Шпион** | 30% |
| **3. Монструм** | 14% |




| | |
|---|---|
| **1. Отсуство на повиканите сведоци** | 50% |
| **2. Отсуство на судијата/промени во составот на судечкиот совет** | 29% |
| **3. Отсуство на најмалку еден од обвинетите** | 14% |
| **4. Друго** | 7% |

# Повторно започнување на судењата

Согласно Членот 371 од ЗКП, главната расправа која е одложена почнува одново ако се изменил составот на советот или судијата поединец (став 2) или ако одлагањето траело подолго од 90 дена. Во таква ситуација, сите докази мора повторно да се изведат (став 3).

Во текот на периодот на известување, во вкупно 14 предмети имаше 17 ситуации на повторно започнување на судењето, што значи дека судската постапка во некои од овие предмети започнувал од почеток и повеќе од еднаш. Овие податоци се однесуваат на предметите на СЈО и предметите кое СЈО ги презема од ЈО. Во шест случаи судењето започна одново поради измени во составот на судечкиот совет, а во 11 поради долги одложувања на расправите.

Судењето за предметот *Тотал* мораше да започне од почеток поради одложувањето на рочиштата за период подолг од 90 дена, како и поради измени во составот на судечкиот совет. Судењето во случајот *Шпион* започнуваше од почеток на два пати, при што во двата случаи, тоа беше поради изминатиот период од 60 дена помеѓу закажаните рочишта (одредба од стариот ЗКП). Во одвоената постапка во случајот *Шпион*, судењето исто така мораше на два пати да почнува од почеток, повторно затоа што изминаа 60 дена од одржувањето на последното рочиште.

Судењето за предметот *Тортура* започнуваше од почеток еднаш, поради двете претходно посочени причини.

**Повторно започнување на судењата**




Како што беше посочено и претходно, во временскиот период опфатен со овој извештај, Судот го зголеми бројот на закажаните судски расправи, што заслужува пофалба. Во секој случај, процентот на одложени расправи и понатаму остана ист.

Од овие бројки, веднаш може да се забележи дека отсуството на обвинетите и процесните прашања се најчестите причини за одложување на расправите. Во рамки на категоријата на процесни прашања, највообичаената причина за одложување беше отсуството на повиканите сведоци. Како што беше веќе спомнато, во овие конкретни случаи, расправите сепак можеле да се одржат, доколку истото време се користело за изведување материјални докази. Сепак, тоа не било можно, затоа што доказната постапка започнува со изведување материјални докази.

Отсуството на обвинетите е исто така важна причина за одложување на расправите. Иако во ЗКП, судењето во отсуство е идентификувано како принципиелно прашање,

истото е дозволено само во исклучително ограничен број случаи. Во Членот 365, став 3 од ЗКП се наведува дека на обвинетиот може да му се суди во отсуство само *ако е во бегство или ако не им е достапен на државните органи, а постојат особено важни причини да му се суди иако е отсутен*.[81]

Присуството на обвинетиот во текот на главната расправа се смета како израз на неговото право на фер и правично судење. Преку неговото присуство, обвинетиот од прва рака се запознава со доказите против него, му се дава шанса да изврши вкрстено испитување на сведоците на обвинителството, а може да даде и сопствен коментар и оценка за сите други изведени докази. Обвинетиот може да бара, пред судечкиот совет да се изведуваат докази и во негова полза, а може да одлучи и самиот да сведочи.

Оттука, правото на присуство е исклучително важна алатка со која се обезбедува почитување на правото на одбрана на обвинетиот и одвивање на судската постапка согласно стандардите за фер и правично судење. Се разбира, ова право не смее и не треба да се злоупотребува. Во случај на злоупотреба, истото мора да биде казнето. Во оваа смисла, Членот 6, став 2 од ЗКП го овластува судот да води сметка странките да не ги злоупотребуваат нивните права, додека ставот 3 од истиот член, предвидува парична казна за секој оној што ќе ги злоупотреби правата што се регулирани со ЗКП.[82] Генерално, во текот на набљудуваните судски расправи за предметите во надлежност на СЈО, судот не го користеше ваквото негово овластување на ефективен начин.

Во некои ситуации кога обвинетиот не беше присутен на судењето, Претседателите на судечките совети ги одложуваа расправите, издавајќи наредба обвинетиот да биде присилно доведен од полицијата на следното закажано рочиште. Многу често, обвинетите го правдаа своето отсуство со медицински потврди за нарушено здравје, меѓутоа, судот не секогаш сметаше дека може да им се верува на таквите оправдувања.[83] Во случаите каде судот има причини да верува дека обвинетиот се обидува непотребно да ја одолговлекува постапката, Членот 6, став 3 од ЗКП му дава можност да изрекува парични казни. Сепак, во текот на набљудуваните судски процеси за предметите на СЈО, оваа законска одредба не беше никогаш искористена.

# Времетраење на судските процеси и извршување на санкциите

Разумноста на времетраењето на судската постапка треба да се утврдува земајќи ги предвид околностите во конкретниот случај, што бара севкупна оценка.[84] При обидот да утврди дали должината на кривичната постапка била разумна, судот треба во предвид да ги земе факторите како што се сложеноста на предметот, бројот на обвинети лица и однесувањето на обвинетиот и останатите релевантни чинители во текот на судската постапка.

---

81 Погледнете го Членот 365, став 3 од ЗКП.

82 Погледнете го Членот 6 од ЗКП.

83 На пример, во *Транспортер*, Претседателот на судечкиот совет не веруваше во дијагнозата за астма на обвинетата и издаде наредба таа да биде приведена од полицијата и донесена на следното рочиште (за време на судската расправа одржана на 2 декември 2019 година).

84 Погледнете ја судската пракса на ЕСЧП и пресудата во предметот *Бодарт против Белгија (Boddaert vs. Belgium)*, параграф 36.

Членот 6 од ЕКЧП не им наложува на тужителите активно да соработуваат со националните правосудни органи, ниту пак може да бидат обвинувани поради тоа што одлучиле во целост да ги искористат сите правни лекови што им стојат на располагање согласно домашното законодавство. Сепак, нивните постапки претставуваат објективен факт, кој не може да биде припишан на тужената држава и истиот мора да се земе предвид при утврдувањето дали должината на постапката го надминува разумното[85].

Судските процеси кои започнаа први, се оние чии обвиненија беа најрано поднесени: *Тврдина 2*, судење кое започна на 28 ноември 2016 година; *Центар*, кое започна на 16 декември 2016 година; и *Транспортер*, кое започна на 28 септември 2017 година. Преостанатите 17 судења започнаа во периодот помеѓу ноември 2017 година и април 2018 година (*Талир 1* и *Талир 2* започнаа во февруари и септември 2019 година, меѓутоа, обвиненијата беа поднесени по истекот на првично утврдениот рок од 18 месеци).

Во моментот на изработка на овој извештај, од вкупно 22 предмети иницирани од СЈО (вклучувајќи ги и *Талир 1* и *Талир 2*), само осум се завршени во прв степен (вклучувајќи ја и одвоената постапка во предметот *Тенк*), а повторно судење беше наложено и завршено за само два од нив.[86] Во предметот *Титаник 2*, Апелациониот суд, постапувајќи по жалбата на одбраната, наложи повторно судење во декември 2019 година, па така, новото судење треба да започне наскоро. Бројот на предмети кои добија судска разрешница и во прв и во втор степен е само четири: *Тенк, Тифани, Труст* и *Тврдина 2* (за сите освен за Г. Груевски). Ниту еден од нив не беше завршен во рамки на периодот на известување.

Во осумте предмети што беа завршени во прв степен, имаше само една ослободителна пресуда. Во еден од завршените предмети, обвинетиот ја призна вината, што резултираше со само една одржана расправа (предметот *Тифани*). Во предметот *Центар*, двајца обвинети признаа вина (судската постапка се одвива и понатаму против другите обвинети), по еден обвинет во *Талир 1* и *Таргет-Тврдина* исто така ја признаа вината, меѓутоа, овие судења се и понатаму во тек за останатите. Обвинетите што ја признаа вината беа осудени условно и им беше изречена казна затвор, која нема да ја издржуваат доколку не сторат други кривични дела во текот на пробацискиот период. Времетраењето на првостепените постапки во завршените случаи беше различно, од четири месеци (*Тенк* – главен судски процес) до две години (*Тарифа*). Судењето за *Тенк* (главен судски процес) започна на 30 јануари 2018 година и траеше до 5 октомври 2018 година. Постапката беше одвоена за еден од обвинетите, поточно за поранешната министерка за внатрешни работи, поради нејзината ризична бременост; во секој случај, судењето за овој предмет сепак беше завршено за помалку од 14 месеци.

---

85 Погледнете ги упатствата на ЕСЧП во однос на примената на Членот 6, достапни на следнава интернет адреса: https://www.echr.coe.int/Documents/Guide_Art_6_criminal_ENG.pdf.

86 *Тврдина 2* (само за еден обвинет) и *Триста*.

Времетраење на судските процеси во предметите иницирани од СЈО




Времетраење на судските процеси (кај повторните судења)




Што се однесува до предметите што беа преземени од СЈО, по периодот на известување, на 21 јануари 2020 година беа донесени пресуди во предметот *Шпион*, против пет од вкупно шест обвинети лица. Во одвоената постапка (од оригиналниот предмет *Шпион*[87]), пресудата беше објавена на 11 февруари 2020 година, а со неа, обвинетиот беше ослободен од сите обвиненија.

Кога станува збор за извршувањето на санкциите, како што беше посочено во *Вториот преоден извештај*, помеѓу изреката на конечната пресуда од Апелациониот суд и почетокот на процедурата за извршување на санкциите, поминуваат неколку недели, а во некои случаи и неколку месеци. Во моментот на изработка на овој извештај, пресудите

87 Постапката против еден обвинет беше одвоена уште во април 2019 година.

беа правосилни и извршни за четири обвинети на кои им беше изречена затворска казна.

Сите обвинети во предметот *Тврдина 2* (освен Горан Грујевски, кому му се судеше во отсуство и за кого беше наложено повторување на судењето) добија условни казни. Еден од нив ја обжали првостепената пресуда, а неговата жалба беше одбиена. За фазата на извршување на санкциите во предметот *Тенк* (главен судски процес) веќе се говореше во претходниот извештај барем што се однесува до поранешниот премиер[88], додека другиот обвинет, моментално е на издржување на затворската казна во времетраење од 4 години и 6 месеци.

На 11 март 2019 година, во предметот *Труст*, Апелациониот суд му изрече затворска казна на обвинетиот Сеад Кочан во времетраење од 4 години и 8 месеци. Три месеци подоцна, на 13 јуни 2019 година, пресудата беше испратена до Основниот суд и на 20 јуни 2019 година, судијата за извршување на санкции (СИС) издаде наредба за извршување на санкцијата на Кочан. Тој требаше да се пријави во затворот на 17 јули 2019 година. Кочан испраќаше бројни барања за одложување на извршувањето на санкцијата, но, тие беа одбиени. Освен тоа, тој поднесе и барање до Врховниот суд за вонредно разгледување на неговата пресуда. На 2 август 2019 година, Кочан започна со извршување на казната, а во меѓувреме, јавноста беше известена дека е започнато со конфискација на неговиот имот во вредност од 17 милиони евра.

Иако пресудата во предметот *Тенк* (одвоена постапка) е правосилна и поранешната министерка за внатрешни работи беше осудена на четири годишнаѝ казна затвор на 25 јуни 2019 година, само неколку дена пред на обвинетата да биде наредено да се јави во затворот поради извршување на казната, Врховниот суд го одложи истото, во очекување на неговата одлука по барањето за вонредно разгледување на пресудата, кое таа го поднела во Судот откако ја добила осудителната пресуда. Врховниот суд не е обврзан со никакви временски рокови во однос на носењето одлука за вонредни правни лекови по доставените барања од страна на осудени лица.

Општо гледано, се чини дека извршувањето на санкциите во предметите на СЈО не е многу проблематично. Досега, обвинетите во овие предмети најчесто добиваа условни казни или се носеа ослободителни пресуди. Во секој случај, генерално гледано, многу малиот број на завршени предмети не може да даде солидна основа за една посеопфатна анализа на извршувањето на санкциите.

# Одржување расправи затворени за јавноста

Одржувањето расправи затворени за јавноста е уште едно од прашањата кои беа идентификувани од страна на набљудувачите. Генералното правило е дека кривичните судења се отворени за јавноста, а рочиштата без присуство на јавноста исклучок. Овој дел од извештајот содржи општ преглед и коментар за одржувањето расправи затворени за јавноста во текот на судењата за предметите на СЈО.

Членот 5 од ЗКП го гарантира правото на „правично и јавно судење“.[89] Начелото на јавност понатаму се разработува во Членот 353 од ЗКП, каде е наведено дека

---

88 Погледнете во Вториот преоден извештај, страна 13 и понатамошниот текст, *во англиската верзија*.

89 Погледнете го Членот 5 од ЗКП.

главната расправа е отворена за сите полнолетни лица.[90] Главната расправа може да биде затворена за јавноста во посебни околности, како што тоа е предвидено во Членот 354 од ЗКП.[91] Наведените околности во законот се рестриктивни. Одлуката за евентуално исклучување на јавноста од главната расправа или било кој нејзин дел ја носи Судечкиот совет, по службена должност или по предлог на некоја од странките.[92]

Истото начело може да се пронајде и во Членот 6 на ЕКЧП, каде е наведено дека „секое лице има право на правично и јавно судење".[93] Сепак, Членот 6 продолжува понатаму, предвидувајќи можни исклучоци на начелото за јавност под следниве услови: *новинарите и публиката можат да бидат исклучени за време на целата или на дел од постапката во интерес на моралот, јавниот ред или националната безбедност во едно демократско општество, кога тоа го наложуваат интересите на малолетник или заштита на приватниот живот на страните во спорот; или кога тоа судот го смета за неопходно затоа што во посебни околности публицитетот би можел да им нанесе штета на интересите на правдата*.[94]

Преку својата судска пракса, Европскиот суд опширно го има опишано ова право, потврдувајќи дека правото на јавно судење подразбира „право на усмена расправа пред судот".[95] Уште повеќе, согласно судската пракса на Судот, ова начело помага во зголемување на степенот на видливост на правораздавањето, што пак понатаму води кон зголемена доверба во функционирањето на правосудниот систем и повеќе, генерално, кон имплементација на начелото на фер и правично судење, како основно начело на било кое демократско општество.[96]

Во судските процеси за предметите на СЈО, од нивниот почеток па сè до 15 јануари 2020 година, Судечките совети наредиле одржување на расправи затворени за јавноста во само девет од случаите.[97] Од вкупно закажаните рочишта во текот на овој период, само 25 биле затворени за јавноста. Сепак, дури и во тие ситуации, затворени за јавноста биле само одредени делови од расправите, со цел, да се заштитат доказите од чувствителен карактер.

Судечките совети барале расправите да се затворат за јавноста (делови од расправите на кои била исклучена јавноста) поради следниве причини: затоа што пред судот се презентирале доверливи информации (во 20 случаи), а во преостанатите пет случаи, за да се заштити приватноста на обвинетите лица. Во еден случај, била побарана

---

90 Според Членот 353, став 2 од ЗКП „На главната расправа може да присуствуваат само полнолетни лица".

91 Во важниот дел од Членот 354 од ЗКП е наведено следново: „ако тоа е потребно заради чување на државна, воена, службена или важна деловна тајна, чување на јавниот ред, заштита на приватниот живот на обвинетиот, сведокот или оштетениот, заштита на безбедноста на сведокот или жртвата и/ или заштита на интересите на малолетникот".

92 Член 354 од ЗКП.

93 Погледнете го Членот 6 на ЕКЧП.

94 Истиот извор, фуснота 93.

95 Пресуда во предметот *Дори против Шведска (Döry v. Sweden)*, параграф 37.

96 На пример, погледнете ги пресудите во предметите *Сатер против Швајцарија (Sutter v. Switzerland)*, параграф 26; *Риепан против Австрија (Riepan v. Austria)*, параграф 27; *и Крестовски против Русија (Krestovskiy v. Russia)*, параграф 24.

97 Во предметите *Траекторија, Титаник 1, Тортура, Центар, Тврдина 2, Трезор, Триста, Тревник* и *Монструм*.

приватност во расправата поради здравствените проблеми на обвинетиот, додека во друг случај, постоела потреба да се заштити приватноста на трето лице, кое воопшто не било вмешано во постапката.

Во преостанатите три случаи, кога расправата морала да биде затворена за јавноста, за да се обезбеди заштита на нечија приватност, станувало збор за преслушување снимки од многу интимни и приватни разговори. На судот треба да му се честита за таквата одлука, затоа што приватноста и дигнитетот на обвинетите мора секогаш да бидат заштитени. Сепак, тешко е да се замисли која е релевантноста на таквите разговори за предметот, имајќи предвид дека делото што Обвинителството требаше да го докаже беше злоупотреба на службената положба.[98] Токму затоа, и во овие ситуации, Претседателот на судечкиот совет можел да одигра повеќе проактивна улога и да донесе одлука дали таквите докази се навистина релевантни во случајот или не.

Генерално, во однос на прашањето на расправите затворени за јавноста, би можело да се изведе заклучок дека Судот, својата улога ја одиграл совесно и постигнал рамнотежа меѓу сите засегнати права, обезбедувајќи соодветна заштита за сите нив. Исклучоците навистина биле употребени за јасни и ограничени цели.

# Други прашања од интерес

Две дополнителни прашања беа идентификувани во процесот на набљудување на судските процеси, односно давањето завршни зборови и употребата на вешти лица во својство на сведоци. Начинот на кој странките ги даваа своите завршни зборови е директна последица на модалитетите, според кои се изведуваа доказите во текот на судењата.

# Завршни зборови

Во судските процеси за кривични предмети, завршните зборови имаат посебна важност во споредба со сите останати алатки што им стојат на располагање на адвокатите: *завршните зборови им даваат шанса на адвокатите да дадат завршница на предметот; да ги објаснат доказите; да ги синтетизираат конфликтните факти; и заедно да ги поврзат утврдените факти и законските одредби*.[99]

Странките ги даваат своите завршни зборови по завршувањето на доказната постапка. Во „новиот“ ЗКП не беа вметнати многу измени во однос на овие одредби. Во секој случај, по стапувањето во сила на ,,„новиот“ ЗКП и почетокот на примената на неговите акузаторни елементи, странките сѐ повеќе внимаваат на разработката и презентацијата на нивните завршни зборови.

Законот не го ограничува времетраењето на завршните зборови. Во случаите кога одбраната ја застапуваат повеќе адвокати и секој од нив сака да даде завршни зборови, ЗКП експлицитно, му дава можност на судијата да го ограничи времетраењето на завршните зборови и да не им дозволи на правните застапници да се повторуваат.[100]

---

98 Во предметот Траекторија беа репродуцирани снимки од многу интимни и приватни разговори (обвинение: Злоупотреба на службената положба и овластување), како и во *Титаник 1* (обвинение: Злосторничко здружување; Злоупотреба на гласачко право; Злоупотреба на службената положба и овластување; Повреда на гласачкото право на слободно изразување).

99 „Меѓународна кривична постапка: Начела и правила“, стр. 671.

100 Член 395, став 2 од ЗКП.

Во текот на набљудувањето на судењата за предметите во надлежност на СЈО, забележавме дека пред почетокот на расправата, правните застапници ги доставуваа до судот нивните завршни зборови на мемориски USB уред, така што да можат директно да се внесат на записник од страна на судскиот записничар, а потоа од збор до збор, истите ги читаа во судница на глас. Ваквата пракса придонесе кон ефективноста на постапката, затоа што на овој начин се троши многу помалку време за внесување на завршните зборови во записникот.

Во текот на доказните постапки, во неколку наврати беше повторувано дека странките ќе се навратат и повеќе ќе зборуваат за важноста на одредени материјални докази во текот на завршните зборови. Завршните зборови треба да бидат резиме на судската постапка, фокусирајќи се на најважните елементи од истиот. Сепак, во судењата за предметите на СЈО, завршните зборови често беа долги и во нив, надлежниот обвинител или адвокатите на одбраната даваа многу детални информации за одредени доказни предмети, без да ја посочат нивната вистинска вредност во рамки на севкупната стратегија или да го објаснат начинот на кој истите ги јакнат нивните аргументи.[101]

Во основа, давањето завршни зборови претставува процесна алатка, која во најголем дел е ориентирана кон поротата, затоа што како таква има за цел да ги убеди поротниците во однос на доказната сила на изведените докази од страна на застапникот.[102] Кривичните судења во Република Северна Македонија ги водат судечки совети – професионални судии и судии поротници, на кои не им е толку потребно од странките да добиваат резимеа на судската постапка и објаснувања за презентираните докази. Оттука, акцентот во завршните зборови треба да се стави на она што е најважно во врска со теоријата на случајот, или пак да се нападнат сите слабости во аргументацијата на спротивставената страна, притоа, исто така, потенцирајќи ги доказите што ѝ одат во прилог на сопствената теорија за случајот. Во завршните зборови, на судечкиот совет треба да му се објасни зошто изведените докази одат, или не одат во прилог на носењето осудителна пресуда.

## Користење вешти лица во својство на сведоци

СЈО користеше ист вештак во неколку различни предмети. Одбраната го оспоруваше сведочењето на овој вештак, тврдејќи дека неговата лиценца е истечена и не била обновена во моментот кога тој вршел вештачења во корист на Обвинителството.[103] Ситуацијата станува уште посериозна, на пример, во предметот Триста, каде една од причините поради која предметот беше упатен на повторно судење, беше потребата да се утврди, дали вештото лице поседувало соодветна лиценца, во моментот кога го давало својот наод и стручно мислење или не.

Експертот потврди дека лиценцата му истекла во април 2018 година, а истата ја обновил во јули 2018 година. Оттаму, постои јаз од три месеци. Во секој случај, тој потенцираше

---

101 На пример, правните застапници даваа одредени информации, како на пример називот и архивскиот број на доказниот предмет; информација за тоа кога истиот бил изведен во текот на доказната постапка; дали доказниот предмет е поврзан со конкретен исказ даден од некој сведок; или на пример, навлегуваа во детали објаснувајќи ги сведочењата на одредени сведоци (на пример, во предметот *Тревник* или во предметот *Тенк*).

102 „Меѓународна кривична постапка: Начела и правила“, стр. 671.

103 Ваквата ситуација, на пример, можеше да се забележи во предметите *Триста, Тенк, Траекторија* и *Тендери*.

дека навремено поднел барање за обновување на лиценцата до Министерството за правда[104], заедно со целокупната потребна документација. Тоа го сторил цели шест месеци пред истекот на важечката лиценца.

Ова прашање е регулирано во Законот за вештачење, односно, поконкретно во неговиот Член 19, став 5. Во одредбата е експлицитно наведено дека обновувањето на лиценцата се врши по барање на вештото лице и истото мора де биде поднесено „најдоцна два месеци пред истекот на важноста“.[105] Според тоа, законот предвидува јасна обврска за вештото лице (да поднесе барања во конкретно одреден рок – два месеци пред истекот на важноста на лиценцата). Истиот член предвидува и многу јасна обврска за Министерството за правда, кое мора да постапи по таквите барања, пред истекот на тековната важечка лиценца. Законот како целина, не ја предвидува и регулира можноста за задоцнето постапување (по истекот на важноста на тековната лиценца) од страна на овластената институција.

Ова е типичен пример за молк на администрацијата што значи одобрување, затоа што тука станува збор за чисто административно прашање. Недостатокот на ефикасност на јавната администрација никогаш не смее да има негативен ефект врз граѓаните, кои ги почитуваат истите правила што биле всушност наложени од јавната администрација. Во однос на спорното прашање во конкретниот случај, вештакот ги исполнил сите барања и услови поставени од страна на надлежните административни органи. Фактот, што продолжувањето на важноста на лиценцата се случило откако претходната престанала да важи, на ниту еден начин не смее да има негативен ефект врз граѓанинот.

Треба да се претпостави дека лиценцата на вештакот би била валидна во текот на целиот временски период кога истиот сведочел пред судот, под услов истата да била обновена. Директната последица на ваквото размислување, е дека за овој конкретен вештак, не постоеле никакви законски пречки, за тој да дава наоди и стручни мислења за прашања што се во рамки на неговата стручна експертиза.

Било кое поинакво размислување би значело дека граѓанинот се казнува поради неефикасноста на јавната администрација, наметнувајќи му дури и обврска да ги надомести и трошоците поврзани со (неоправданото) доцнење во обезбедувањето на бараната јавна услуга од страна на јавната администрација. Оттаму, во случајот што е од наш интерес, може да се заклучи дека вештакот континуирано ги поседувал потребните квалитети и знаења, неопходни за обновување на неговата лиценца. Се разбира, судечкиот совет одлучува за тоа колкава тежина и важност ќе даде на неговиот наод и стручно мислење и како ќе ја оцени нивната доказна вредност.

---

104 Како надлежен орган за издавање и/или обновување на лиценците за вештите лица.

105 Погледнете го членот 19 став 5 од Законот за вештачење, Службен весник бр.115/2010, 12/2014, 43/2014, 104/2015, 148/2015, 192/2015 и 64/2018.

# ПРЕПОРАКИ

**<u>За Обвинителството</u>**

Имајќи ја предвид сложеноста на овие случаи и нивното значење за јавниот интерес, многу е важно судиите и општата јавност да се запознаат со теоријата на обвинителството за конкретниот предмет, на јасен и ефективен начин. За таа цел, ЈО треба:

- **Да обезбеди навремено и сеопфатно споделување** на доказите со одбраната, и тоа на оние што одат во поддршка на обвинението, меѓутоа и оние во полза на обвинетиот, давајќи им на адвокатите на одбраната копии од сите докази од предметните списи, без разлика на форматот во кој се наоѓаат;
- **Внимателно да ги бира доказите што ќе ги изведува во текот на главната расправа**, доставувајќи ги до судот само оние материјали што одат во поддршка и се неопходни за докажување на теоријата на случајот;
- **Да ги подобри презентациските вештини на обвинителите во судница:** јасно да знаат да ја објаснат релевантноста на доказите што сакаат да ги изведат (односно, нивната поврзаност со обвинението), како и меѓусебниот однос и поврзаноста помеѓу различните видови докази што се изведуваат (односно, снимки од пресретната комуникација, документи, сведоци).

**<u>За адвокатите на одбрана</u>**

- Во согласност со европската најдобра практика за професионална етика, адвокатите треба да прифаќаат само предмети за кои се убедени дека можат да понудат ефикасна и квалитетна услуга на застапување.

**<u>За Адвокатската комора</u>**

- Адвокатската комора, во рамки на програмите за континуирана едукација треба да организира обуки на темата на професионална етика, во согласност со најдобрите европски стандарди кои ја регулираат заштитата на правата и обврските на адвокатите на одбраната.

**<u>За Основниот кривичен суд Скопје</u>**

- **Одложување на расправите само кога тоа им оди во прилог на обвинетите кои навистина не се во состојба да присуствуваат**, на пример, поради сериозно нарушување на здравствената состојба или од причини кои се вон нивна контрола. По таа логика, начелно, деловните обврски или службените патувања на обвинетите не треба да се сметаат како легитимна причина за одложување на судските расправи. Кога работната обврска на обвинетиот произлегува од неговата службена функција предвидена со Уставот (односно, ако станува збор за обвинет пратеник кој мора да

присуствува на седница во Собранието), временскиот распоред на главната расправа треба да се утврди однапред, притоа имајќи го во предвид работниот распоред на Собранието и предвидените обврски, така што да се избегне евентуалното преклопување на судските расправи со парламентарните седници;

- **Преземање активна улога во раководењето со предметите и судските расправи:**
  - Судиите треба да ја користат алатката за раководење со судската постапка предвидена во Членот 347, став 2 од ЗКП, со цел, да најдат решение за сите прашања во текот на доказната постапка, кои инаку би можеле да предизвикаат попречување или оптоварување на нормалното одвивање на судската постапка;
  - Судиите на активен начин треба да вршат надзор врз прифаќањето на доказите во текот на судењето, отфрлајќи ги доказите што се излишни или ирелевантни.
- **Толкување на законската рамка во врска со споделувањето на доказите во согласност со меѓународните стандарди:** судиите треба да вршат надзор над процесот на споделување на доказите, одлучувајќи по барањата на странките со добро образложени одлуки и да обезбедат суштински пристап на адвокатите на одбраната до списите во предметот.

<u>**За законодавната и извршната власт**</u>

- **Зајакнување на законската рамка во делот што се однесува на присуството на обвинетите на судењето:**
  - ЗКП треба да содржи одредени индикатори за тоа кои оправдувања се прифатливи а кои не. Поконкретно, би било корисно, во ЗКП да се вметне една општа клаузула, според која, судијата ќе може да ја прифаќа само „легитимната“ и „апсолутната“ спреченост, како причина за одложување на расправата.
- **Усогласување на законската рамка за судењата во отсуство со меѓународните стандарди:** кога еден обвинет недвосмислено ќе се откаже од своето право да присуствува на сопственото судење, подоцна во иднина, истиот не може да го ужива правото на повторно судење.
- **Да се размисли за евентуалната можност за воведување на обврска за Обвинителството, заедно со обвинителниот акт, до судот да ги доставува и севкупните списи и материјали од истрагата.**
- **Да се размисли за евентуалната можност за воведување на механизам на таканаречени „статусни конференции“ во ЗКП**, со цел, во текот на истите да се оценува остварениот напредок во судската постапка, да се дефинира временска рамка за доказната постапка во текот на судењето и да се постигне договор помеѓу странките во однос на неспорните факти и околности.